# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 октомври 2003 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 10,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Агрон Буџаку, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

АГРОН БУЏАКУ:

Ја отворам Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Трифун Костовски, Андреј Жерновски, Зоран Шапуриќ, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Хисни Шаќири, Али Ахмети, Хусеинџевад Хусеини, Љубчо Георгиевски, Петар Наумовски и Никола Груевски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се пристуни  75 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Записниците од 34-та, 36-та и 37-та седница Ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците?(Нема)

Констатирам дека записниците од 34-та, 36-та и 37-та седница се усвоени без забелешки.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за продажба на станови во државна сопственост кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешната ЈНА, со Предлог на закон;

2. Предлог за донесување на закон за прогласување на локалитетот “Локви - Големо Коњаре”, за строг природен резерват, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за прогласување на локалитетот “Плоче - Литотелми”, за строг природен резерват, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за стоковни резерви, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија, со Предлог на закон:

6. Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Финансискиот договор за заем склучен помеѓу Европската инвестициона банка и Електростопанство на Македонија А.Д. за реализација на Проектот за изградба на трафостаници во Република Македонија, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем склучен помеѓу Европската Банка за обнова и развој и Електростопанство на Македонија А.Д. за реализација на Проектот за изградба на 400 кв далекувод од Штип (Република Македонија) до Црвена Могила (Република Бугарија), со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по Договорот за заем за реализација на Проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за Служба во Армијата на Република Македонија, со Предлог на закон; Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за Служба во Армијата на Република Македонија, со Предлог на закон

11. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун;

12. Предлог за донесување на закон за прекурсори;

13. Предлог за донесување на закон за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија;

14. Предлог на финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2004 година;

15. Предлог на одлука за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2004 година.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред?

Има збор господинот Владо Бучковски, министер за одбрана.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Почитуван господин Буџаку, почитувани пратеници,

Предлагам согласно членот 73 од Деловникот на Собранието на Република Македонија ако е прифатливо за пратениците точката 10 од предложениот дневен ред да биде точка 1. Тоа е Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за Служба во Армијата на Република Македонија, со Предлог на закон. Причините зошто барам оваа точка да биде на почеток се од практични причини.

Денеска завршуваат подготовките на нашата делегација која на 4 ноември пред политичкиот комитет на НАТО ќе реферира за новата годишна национална програма за членство на Република Македонија во НАТО, еден од битните сегменти кој е обврска од минатогодишната национална програма за членство и редукцијата на персоналот.

Се надевам дека ова образложение ќе биде прифатливо за пратениците за да оваа точка биде прва на денешниот дневен ред.

АГРОН БУЏАКУ:

Според Деловникот, предлог на министерот за одбрана без претрес го ставам на гласање.

Ве молам да гласате.

Од присутни 89 пратеници вкупно гласале 73 пратеници.

За гласале 69 пратеници, против 2 и воздржани 2.

Констатирам дека предлогот за изменување на дневниот ред точката 10 да биде точка 1 е усвоен.

Дали има други предлози за изменување или дополнување на дневниот ред?

ВЕСНА БОРОЗАН:

На предложениот дневен ред на денешната седница се наоѓа Предлогот за донесување на закон за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија, па бидејќи до денеска не е пристигнато мислење од Владата на Република Македонија во врска со овој закон, а сметам дека овој закон ќе има импликации врз работата на Владата, барем на некои од министерствата во Владата, како предлагач на овој закон го повлекувам од денешниот дневен ред и предлагам да биде ставен на дневен ред на првата наредна седница, по пристигнување на мислењето од Владата.

АГРОН БУЏАКУ:

Значи, предлагачот го повлекува предлогот.

Констатирам дека точката 13 Предлогот за донесување на закон за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија, се повлекува од дневниот ред.

Молам, дали има други предлози за изменување и дополнување на дневниот ред.

ХАЗБИ ЛИКА:

Почитуван потпретседателе, дами и господа,

Поради обврските во Владата барам точката 5 - Закон за државјанство да се разгледува како последна, или точка 15, заради обврските што ги имаме со Владата и заради присуство на министерот за внатрешни работи.

(Господинот Караџоски бара збор процедурално)

АГРОН БУЏАКУ:

Повелете господине.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине потпретседателе,

Мислам дека согласно Деловникот прво треба да го усвоиме дневниот ред, а потоа да реагираме која точка каде да биде, за да знаеме што фактички имаме на дневен ред и да знаеме дали воопшто треба да ги преместуваме 1-2-5 или последна точка на дневен ред. Можеби нема да биде усвоен дневниот ред.

Значи, според Деловникот прво треба да го усвоиме дневниот ред а потоа да дискутираме која точка каде ќе се најде.

АГРОН БУЏАКУ:

Јас мислам дека го прочитав дневниот ред пред Вас и дека се усвојува еден дневен ред кој според Деловникот по предлозите за изменување и дополнување од предлатачите.

Молам, според Деловникот без претрес да гласаме за измена на точката 5 Предлогот за донесување на закон за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија, Предлогот за донесување на закон за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија,, бидејќи предлагачот бара оваа точка да биде последна точка на дневниот ред.

Молам, да гласаме.

За предлогот на заменик министерот за внатрешни работи, точката 5 да биде последна точка на дневен ред гласале 67 пратеници, од вкупно 73 пратеници.

За гласале 67 пратеници, 3 против и 3 воздржани.

Констатирам дека е усвоен Предлогот точката 5 Предлогот за донесување на закон за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија да биде последна точка од дневниот ред.

(од место збор бара госпоѓата пратеник Којзеклиска)

Ако барате измена, или било што, процедурално веќе слушнавме од Вашата пратеничка група, ако барате измени на дневниот ред да Ве слушнеме.

Има збор госпоѓата Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Потпретседателе, јас колку што знам до Собранието на Република Македонија е доставено барање на оваа седница дневниот ред да биде дополнет со Информацијата за катастрофата што се случи во јаловиштето на Рудникот “Саса” во Македонска Каменица.

Барам оваа точка да биде ставена на дневен ред како итна и неодложна потреба, а ако ми дозволите јас ќе ја образложам итноста на оваа информација.

АГРОН БУЏАКУ:

Повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Јас искрено да ви кажам навистина се срамам што втор пат овде пред Вас морам да стојам и да ви ја образложувам итната и неопходна потреба на оваа седница да биде ставена Информацијата за катастрофата што се случи на јеловиштето на Рудникот “Саса” во Македонска Каменица.

Се прашувам дали навистина треба да бидам овде почитувани колеги. Треба ли да ви објаснувам и да ви укажувам на еколошката катастрофа што се случи во тој регион. Треба ли повторно да ви укажувам дека отровните супстанци кадмиум, цинк, олово, цијанит се наоѓаат во почвата во тој регион и таквата отровна смеса полека но сигурно навлегува во езерото Калиманци. Треба ли повторно да зборувам за крајно несериозниот однос кој Министерството за животна средина и просторно планирање го има кон реализирањето и финализирањето на овој веќе започнат проект токму во правец на спречување на оваа катастрофа.

Но, очигледно почитувани колеги дека треба да стојам и да ви образлагам. Ова го тврдам затоа што од досегашното искуство имав прилика да видам дека на вам ви е многу поважен Законот за измени и дополнувања на Законот за Републички судски совет, Законот за измени и дополнувања на Законот за радиодифузна такса, Законот за забрана за пушење, значи сите други закони освен оваа точка која ја сметате за апсолутно неважна и минорна. Дали јас зборувам  на некој друг јазик, или зборувам на македонски јазик за да можете вие да ме разберете.

Затоа барам и од вас потпретседателе да се заземете и да влијаете на вашите колеги, коалициони партнери, конечно да ја покажат оваа и своја огромна загриженост за ова ни малку занемарлива катастрофа.

Доколку потпретседателот на Собранието не успее уште еднаш ќе ви посочам на вам, на вас почитувани колеги, да покажете сериозна загриженост и разбирање за сериозноста на состојбата и да дадете поддршка оваа точка да влезе на дневен ред.

Ви благодарам.

(Напуштајќи ја говорницата, одејќи вели-колега Ќуркчиев на вас не се обраќам и нема потреба од место да реагирате).

АГРОН БУЦАКУ:

Што се однесува до вашиот предлог госпоѓо Којзеклиска јас констатирам дека вие досега не сте доставиле до Собранието сличен материјал за вашата информација. Но сепак вашиот предлог за дополнување на дневниот ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 92, гласале 81 пратеник.

За предлогот на пратеничката гласале 63 пратеници, 15 против и 3 воздржани.

Констатирам дека предлогот е прифатен.

Предложениот дневен ред,со измените  го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Реакција на пратениците во салата).

Ве молам, бидејќи една точка е повлечена, имавме вкупно 15, барањето на Министерството за внатрешни работи точката 5 - Законот за државјанство да биде последна, значи имаме 14 вкупно и уште една, вкупно 15, предлогот на госпоѓа Којзеклиска ќе биде 14-та точка на дневен ред.

Вака измена предложениот дневен ред го ставам на гласање.

(Господинот Караџоски бара збор процедурално)

Повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине потпретседателе, пред да го ставите дневниот ред на гласање треба да ни дадете збор на сите што сме пријавени таму.

Мојот предлог е следен. Јас предлагам точката 5 и точката 11 да бидат повлечени од дневен ред, а сега вие објаснете ми која е точка 5, бидејќи пред да пристапиме кон вакви отстапувања од точките требаше да го усвоиме дневниот ред. Меѓутоа, вие дозволивте без да го исслушате нашиот предлог за повлекување да ја ставите точката 5 на гласање и да стане точка 15, што сега логички некој ќе каже дека мојот предлог е илузорен и јас искрено незнам сега за која точка да кажам дека барам да се повлече. Заради тоа ќе читам фактички кој закон барам да биде повлечен. Тоа е Предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство.

Сега да образложам зошто тоа го бараме.

Очигледно, последниве денови сме сведоци на тоа што јавноста е доста разбранувана во однос на Предлогот, зборувам за Законот за државјанство. Очигледно е дека имаме неусогласени ставови како пратенички групи. Очигледно е

дека владеачката структура, поточно СДСМ прифати со една изјава на нивниот лидер, а потоа и со нивните потпретседатели ...

АГРОН БУЏАКУ:

Господине Караџоски, ако давате предлог, за тоа ви дадов збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Имам право да го образложам тоа.

АГРОН БУЏАКУ:

Вие веќе земавте збор процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Не е процедурално, се јавив за збор.

АГРОН БУЏАКУ:

Еднаш баравте збор, дадовте еден предлог, сега имате забелешка. Предложете, јас ќе постапам по Деловникот и вашиот предлог ќе го ставам на гласање.

А што се однесува до бројките на точките, јас мислам дека не е многу сложена математика тука.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Според кој член, господине потпретседателе, не ми давате право да образложам.

АГРОН БУЏАКУ:

Се гледа ако точката 5 е последна, значи автоматски точката 6 станува точка 5 и дека ова е нормална процедура во сите собранија во светот. Не мора да се усвои предложениот дневен ред, затоа сме ние тука и затоа се гласа за дневниот ред.

Значи, предлогот ...

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Дозволете, јас не се искажав.

АГРОН БУЏАКУ:

Ако мислите да образложувате зошто предлагате да не се става на дневен ред, повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине потпретседателе, кога пратеник предлага да се дополни дневниот ред, има право да образложи. Истото право го има и кога бара да се повлече точка од дневниот ред. Кажете ми вие во кој член пишува дека такво право немам. И не знам зошто ме прекинавте на средина кога почнав да образложувам. Јас ќе ги почитувам роковите по Деловникот во минутажа, не мислам да држам говор овде.

Значи, да бидам краток. Тоа што го кажав нема да го повторувам. Ако позицијата прифати со опозицијата за закони кои се од битен национален карактер на оваа држава да разговара и изгради консензус, сметам дека поднесувањето на ваков предлог за донесување на закон за државјанство е избрзан, затоа што не постои консензус не само со опозицијата, но очигледно и во самата позиција.

Од тие причини, а и самите решенија кои ги предлага законот, предлагам предлагачот да го повлече овој закон, да даде еден разумен рок кога ќе ги усогласиме, доколку ги усогласиме ставовите, и на некоја наредна седница да се стави оваа точка на дневен ред. Тоа и во однос на точката 5, односно 15.

Сега во однос на точката 11, тоа е Законот за тутун, исто така морам да ве информирам и вас и јавноста дека ние како опозиција, поточно јас и г. Стојановски имаме предложено Закон за тутун со Предлог на закон, кој не е ставен на дневен ред на оваа седница.

За да не дојдеме во состојба да дуплираме и да разговараме два пати за една иста материја, доколку Владата прифати да го повлече овој закон од оваа седница, а на една од наредните седници да ги разгледуваме двата предлози, па можеби ќе дојдеме до подобро решение. Тоа е кусото образложение.

АГРОН БУЏАКУ:

Значи, имаме два предлога.

Прво, господинот Караџоски дава предлог во врска со Предлогот за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија, со Предлог на закон, да се повлече од дневниот ред.

По ова прашање прво треба предлагачот да се изјасни дали ја прифаќа сугестијата односно предлогот на г. Караџоски.

Претставникот на Владата, а тоа е заменикот министер за внатрешни работи Хазби Лика, дали се прифаќа предлогот за повлекување од дневниот ред на точката Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија.

ХАЗБИ ЛИКА:

Не се прифаќа предлогот.

АГРОН БУЏАКУ:

За другиот предлог, за точката 11 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун, колку што гледам нема претставник на Владата.

Затоа, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме, со сите измени.

(По гласањето).

Ве молам, во текот на гласањето нема збор.

Не гласаа сите пратеници.

Ги молам службите уште еднаш да го повториме гласањето.

Процедурално, повелете господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине потпретседателе, од името на пратеничката група барам половина час пауза. Очигледно треба да се средите малку, да ви дадеме простор да се средите и да го почитуваме Деловникот. Барам половина час пауза во името на пратеничката група.

АГРОН БУЏАКУ:

Да се изјасниме за дневниот ред, па потоа ќе дадам пауза. Вие немате валидна причина за да барате пауза, а пред усвојување, тоа не се усвојува.

(Повеќето пратеници стануваат).

Давам пауза од 30 минути.

(Пауза од 10,40 до 11,15 часот).

Да продолжиме со работа.

Собранието треба да се произнесе за предлозите (пратеникот Жарко Караџоски се јавува за збор). Веќе ве слушнавме неколку пати господине Караџоски, се е јасно.

Значи, пратеникот Караџоски предлага да се повлечат две точки од дневниот ред.

Прво, предлогот беше да се повлече од дневниот ред Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија, со Предлог на закон.

Предлогот на пратеникот Жарко Караџоски го ставам на гласање, кој е за повлекување.

(По глсањето).

Гласале 68 пратеници, за предлогот да се повлече точката од дневниот ред гласале 28 пратеници, 40 против.

Констатирам дека предлогот, точката Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија, со Предлог на закон да се повлече од дневен ред не е усвоен.

Продолжуваме со предлогот на господинот Караџоски, точката Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун, да се повлече од дневен ред.

Ве молам да гласаме по предлогот.

(По гласањето).

Гласале 72 пратеника, 30 пратеника гласале зе, 42 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

По повеќе интервенции на пратеникот Жарко Караџоски, јас сум должен да објаснам дека според Деловникот на Собранието на Република Македонија, член 66, член 72 и член 73, значи во врска со вашите забелешки (му се обраќа на пратеникот Караџоски) и барањето пауза, јас мислам дека подобро би било паузата да ја користите за да го проучите Деловникот, отколку да се грижите за мојата состојба и водење на седницата.

Во Деловникот пишува, во членот 72 на страница 24:

“Пред утврдувањето на дневниот ред претседателот или претседавачот на Собранието ги известува пратениците за прашата од итен карактер што се

предлага да се стават на дневен ред, согласно член 66 од овој Деловник, предлозите за одлагање на одделни прашања од дневниот ред, како и за барањата за дополнување на дневниот ред”.

Член 73 на страница 25 вели:

“Собранието без претрес се изјаснува за секој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред и за предлогот на дневниот ред за седницата во целина, кога во предложениот дневен ред ќе се извршат повеќе изменувања и дополнувања, тогаш утврдениот дневен ред на пратениците им се доставува” - значи тоа ви се доставува сега.

Значи, на оваа седница јас постапив по Деловникот, дури и по предлогот на пратеничката Којзеклиска, иако немаше писмена информација за оваа седница, туку за минатата, јас тоа го ставив на гласање како знак на добра волја, затоа што тоа е и според Деловникот и за тоа се изјаснија пратениците, за да се стави на дневен ред.

Значи, што се однесува до Деловникот, јас мислам дека моите постапки беа сосема во ред. Друго е ако поради други причини, во кои не сакам да навлегувам, пратениците од опозицијата имаат некои забелешки кои не се во согласност со Деловникот.

Продолжуваме со работа.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија, со Предлог на закон;

2. Предлог за донесување на закон за продажба на станови во државна сопственост кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешната ЈНА, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за прогласување на локалитетот “Локви-Големо Коњаре”, за строг природен резерват, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за прогласување на локалитетот “Плоче-Литотелми”, за строг природен резерват, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за стокови резерви, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Финансискиот договор за заем склучен помеѓу Европската инвестициона банка и Електростопанство на Македонија А.Д. за реализација на

Проектот за изградба на трафостаници во Република Македонија, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем склучен помеѓу Европската банка за обнова и развој и Електростопанство на Македонија А.Д. за реализација на проектот за изградба на 400 кв далекувод од Штип (Република Македонија) до Црвена Могила (Република Бугарија), со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по Договорот за заем за реализација на Проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун;

11. Предлог за донесување на закон за прекурсори;

12. Предлог на одлука за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2004 година;

13. Предлог на финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2004 година;

14. Информација за еколошката катастрофа која се случи на Јаловиштето на рудникот за олово и цинк “Саса” - Македонска Каменица и

15. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија, со Предлог на закон.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

За предложениот дневен ред гласале 64 пратеници.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине потпретседателе, сега откако се усвои дневниот ред немав намера да се јавам процедурално, меѓутоа, очигледно ме спомнавте, упативте една работа која не е доследна за потпретседател на Собрание, особено да ми давате сугестии што да правам за време на паузата, поточно да го читам Деловникот, така кажавте. Меутоа, една работа е очигледна, а очигледно е дека токму вие сте го читале Деловникот за време на паузата, но, за жал, не сте го разбрале.

Дозволете ми сега јас да го цитирам членот 72. Во членот 72 се вели: "Пред утврдувањето на дневниот ред претседателот или претседавачот на Собранието ги известува пратениците за прашања од итен карактер што се предлага да се стават на дневен ред". Вие тоа го направивте, соглансо член 66 од овој Деловник. Предлозите за одлагање на одделни прашања од дневниот ред, како и за барања за дополнување на дневниот ред.

Барањето на заменикот министер за внатрешни работи не беше ниту едно од овие три што ги спомнуваме, туку беше точката 5 да биде точка 15. Кога би било барање да ја одложи, да ја повлече би нашол примена овој член кој вие го цитиравте. За тоа јас реагирав. Моите забелешки беа во таа насока, а сега ќе ги повторам. За да му дозволевте на заменик министерот, она што тој го побара и да се изгласа, претходно требаше да се утврди дневниот ред, тоа не е ништо спорно. Значи, да знаеме што имаме на дневен ред за да знаеме дали таа точка ќе ја преместиме од петта на петнаесетта и сега читајте го членот 74 став 2. Таму се вели: "во текот на седницата по предлог на претседателот на Собранието или по предлог на 10 пратеници Собранието без претрес може да одлучи да се извршат измени во редоследот на претресот по одделни прашања", логично откако ќе се утврди дневниот ред.

Зошто ја барав паузата? Паузата ја побарав господине потпретседателе, тоа не сакавте да го кажете јавно, еве сега кажетего, јас побарав тоа што побарав, вие прашавте од претставниците на Владата дали мојот предлог се прифаќа или не, едниот кажа дека не се прифаќа, другиот не беше тука и вие без да го ставите на гласање поточно без да ставите Собранието да се изјасни по моите предлози, вие го ставивте дневниот ред на гласање.

Заради тоа господине потпретседателе побарав пауза и кажав за да се средите, очигледно се средивте, го прочитавте Деловникот и заради тоа да не направиме пропуст, што не е во ред. Значи, ние не мислиме ништо лошо ако сме обрнале внимание да се работи според утврдените правила.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ апсолутно нема намера да одолговлекува со седници, ниту да прави опструкции, туку чисто и јасно да се почитува словото на законот онака како што е предвидено.

АГРОН БУЏАКУ:

Има збор господинот пратеник Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Во името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам, заради потребите на пратеничката група, пауза од 12,00 до 13,30 часот. Тој период да се искористи за пауза за ручек како би можеле потоа од 13,30 часот до 17,00 да работиме. Треба да одиме на погреб како пратеничка група, па заради тоа ја бараме паузата. Мислам дека не е заради опструкција на работата на Собранието. Значи бараме пауза од 12,00 до 13,30 часот.

АГРОН БУЏАКУ:

Мислам дека сите други пратеници на Собранието ќе се согласат со вашето барање и го одобрувам вашето барање, ќе имаме пауза од 12,00 часот до 13,30 часот, а потоа ќе работиме непрекинато.

Исто така имаше барање од пратениците со исламска вероисповест заради Рамазанот да привршиме во 16,00 часот, значи еден час порано.

Јас мислам дека и тоа треба да се усвои, така што од 12,00 до 13,30 часот ќе имаме пауза која ќе се смета и како пауза која обично ја имаме за ручек, а потоа ќе продолжиме со работа од 13,30 часот до 16,00 часот.

Продолжуваме со работа.

Преминуваме на првата точка од дневниот ред - **Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за одбрана господинот Владо Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Почитуван потпретседателе на Собранието на Република Македонија, почитувани пратеници,

Пред вас се наоѓа законски проект кој е дел од реформите кои Република Македонија ги прави во патот на остварување на целите кои ги преземавме со Акциониот план за членство во НАТО алијансата. Оваа година веќе го подготвуваме четвртиот дел од овој Акционене план за членство кој, за потсетување, почива на четири столба.

Едниот е професионализација на нашата армија.

Вториот столб е редукцијата на персоналот,.

Третиот столб е модернизацијата на Армијата и

Четвртиот столб е изградбата на систем за повеќегодишно планирање, проектирање и буџетирање.

Имаме евидентни успеси на полето на професионализацијата на Армијата, но реално во вториот столб во делот на редукцијата на персоналот од објективни причини до сега немаме покажано конкретни резултати. Затоа денес пред вас се наоѓа еден законски проект кој е правен врз основа на компаративните искуства од другите членки на НАТО, од оние аспиранти кои ја добија поканата за членство и оние наши партнери кои се дел на таканаречената Јадранска група кои ја потпишаа Јадранската повелба.

Пред вас е текст кој сметам дека ја респектира специфичната улога која ја има во нашиот систем на Армијата и сите оние кои се вработени во Армијата. Ви нудиме проект кој нуди можност до 2007 година предвремено да се пензионираат со докуп на стаж 892 лица од редот на Армијата на Република Македонија.

Во споредба со другите држави кои или се членки на НАТО или кои се аспиранти ова се минормни бројки. Само за информација оние кои ја заслужија поканата за членство во НАТО како што се Бугарија и Романија имаа многу поболни рефрми во овој дел на редукција на персоналот. Република Бугарија од 107 иљади војска припадници на Армијата при отпочнувањето на реформите во 1997 година до крајот на 2004 година ќе стигне до состав од 45 иљади. Или Романија која исто така е еден успешен пример за реформи од 180 иљади во 1998 година на крајот од 2001 година нивната Армија брои 102.997 припадници на Армијата. Или нашите партнери од Јадранската група Хрватска стартуваше заедно со нас и од 40.714 се обврза до крајот на 2005 година, а не како ние до 2007 година. Нивната Армија да брои 19.520. Или Албанија која ни е најблиску од 18 иљади на почетокот на 2001 година ќе го намали составот на 16.500 до крајот на 2005 година.

Верувам, имајќи во предвид дека Армијата на Република Македонија е исклучително млада, офицерите имаат просечна возраст од 36,7 години, подофицерите од 32 години, цивилните лица нешто над 42 години, ние одбираме модел кој ќе ја трансформира нашата Армија, ќе ја редуцира, притоа респектирајќи ја улогата и позицијата која ја има Армијата тргнувајќи од принципот дека никој не треба да биде прогласен за технолошки вишок и да остане на улица.

Она што го имаме како задача тоа значи од сегашните 16.007 припадници колку има нашата Армија, ние до 2007 година ќе имаме Армија која ќе брои 12.858. Тоа значи дека покрај овие 892 кои ќе заминат предвремено во пензија природниот одлив и стекнувањето на услови за редовна пензија е бројката од околу 37.

Со трансформацијата на граничното обезбедување и преземањето на границата од страна на полицијата во координација со МВР оној дел од офицери и подофицери кои се потребни ќе преминат во МВР и сметам дека на овој начин ќе имаме успешно завршување на еден од клучните сегменти кои гледате во последно време е топ тема и на советодавниот тим на НАТО, но и на домашната јавност.

Дали имаме искрена намера, дали покрај декларативните заложби ќе направиме и практични чекори во реформите. Ова е еден од практичните чекори, верувам согласно сето она што како декларативна заложба го имаат сите политички партии во Република Македонија пред се парламентарните партии ќе наидеме на поддршка во Парламентот. Благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Благодарам господине министре.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, господа министри,

Денеска на дневен ред треба да се носи законот за служба во Армијата со посебен закон со тоа што завршија расправите во сите комисии почнувајќи од матичната комисија и се добива општ впечаток дека има консензус за изгласување на ваков законски проект.

Јас би сакал да кажам некои моменти затоа што сигурно ние како Република Македонија сите сакаме и посакуваме да влеземе во НАТО. Сигурно дека се отпочнати големи активности и ние како држава треба да исполниме некакви критериуми, стандарди. Еден од критериумите е реформата во одбраната со што е отпочнат и Акциониот план каде има свои тајминзи и услови кои треба да ги исполни Владата на Република Македонија, т.е. Република Македонија како држава.

Овој закон како таков е хуман затоа што Владата прави напори да се згрижат 892 од оној униформиран состав во Република Македонија, но се поставува едно друго прашање дали ние носиејќи еден ваков законски проект нема да ги разочараме сите граѓани во Република Македонија посебно овие 892 затоа што се коси со Уставот. Имено, оваа категорија на граѓани 892 се ставаат во бенефицирана и нерамноправна положба со останатите граѓани на Република Македонија. Имаме едно искуство во Република Македонија во изминатите години почнувајќи од 1997 година многу законски проекти кои доаѓаа во Собранието Уставниот суд во една редовна постапка ги оспоруваше и како такви паѓаат.

Предлагам да се размисли дали нема да направиме едно големо разочарување за овие 892 граѓани на Република Македонија. Ние сега ќе го изгласаме законот како услов затоа што  сите политички партии сакаме со консензус да влеземе во НАТО, но да не направиме разочарување на сите тие 892 граѓани кои треба да одат во пензија и она што ние ќе го излгасаме да ни падне на Уставен суд. Тогаш се доведуваме во многу непријатна положба и позиција затоа што што ќе се случи со тие 892 вработени сега активни  членови во Армијата на Република Македонија.

Едно друго прашање што стои, сигурно мора и ние како Парламент да го разгледаме е тоа колку ќе чини ова, таму има дадено податоци дека ова ќе чини 24 милиони евра кои ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија.

Она што нам ни стои како отворено прашање, па и Министерството за одбрана и кај сите пратеници е не само контролата на парите од Буџетот, посебно контролата на парите во Одбраната, сигурно ни стои отворено прашањето колку како Република Македонија ќе не чини  влегувањето во НАТО структурите. Едне од првите услови за да можеме да одиме во реформа тоа е Владата на Република Македонија мора да направи се да го исполни првиот услов. Првиот услов е тоа да имаме внатрешна безбедност, а ние во дадениот момент ја немаме внатрешната безбедност во Република Македонија. Уште не се контролира 1/4  од територијата, уште не се вратени бегалците и сигурноста на граѓаните, но да не зборуваме тоа е

општо познато. Мора да се направат напори внатрешната стабилност на државата да се стабилизира. Знаеме на кои принципи и како функционира НАТО. Тоа е колективна безбедност, но тоа е безбедност на државите. Се направија проценки, еве гледаме што ни се случува во соседните држави и Република Грција веќе ги трга касарните и војската мислам на регуларната војска на границата спрема Република Македонија и ги враќа назад затоа што општ впечаток е во Европа дека нема услови за напаѓање помеѓу државите посебно во Европа.

Би потенцирал уште еднаш Министерството да направи напори, да направи анализа да видиме што и колку ќе не чини влегувањето во НАТО структурите. Во Европа постои правило колку музика толку пари. Македонија треба да пресмета обратно, па да дојде нормално.

Моето размислување беше Министерството да си има задача и да видиме дали ние како Македонија можеме да го поднесеме тој товар затоа што проценките кажуваат дека влегувањето на една Полска во НАТО структурите ја чини до сега 20 милијарди долари и ќе има додатни средства. Бугарија некаде 8 до 9 милијарди долари и ново оптеретување. Да не зборувам за Романија. Сите што влегуваат во НАТО не влегуваат од голема љубов затоа што таму има правила на однесување и мора да ги запазат правилата и критериумите. Промена на структурата, промена на оружјето, промена на софистицираната опрема, филозофијата, стратегијата.

Да не должам мислам дека Министерството треба во најкраток рок да изготви еден елаборат, да го презентира пред пратениците во Републичкиот парламент, пратениците да бидат подготвени што и колку ќе ја чини Република Македонија и граѓаните на Република Македонија во името на транспарентноста пред граѓаните. Благодарам.

АГРОН БУЏАКИ:

Благодарам господине Даневски.

Има збор пратеникот Благој Голомеев.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕЕВ:

Благодарам господине потпретседателе, почитувани министри во Владата на Република Македонија, колеги пратеници,

Во функција на реализација на цврстата консензуално искажана определба на нашата земја за зачленување во северноатланските безбедносни структури пред нас

се наоѓа Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Она што посебно ме радува е тоа што овој предлог на закон претставува, како што и министерот пред малку истакна, прва конкретна реализација на нашите до сега само декларативно искажани заложби за интегрирање во НАТО структурите.

Со овој предлог закон и практично покажуваме дека сме спремни да одговориме на предизвикот за трансформација, преструктуирање и приспособување на нашата Армија како еден од основните предуслови за полноправно членство во НАТО. Одредбите од овој закон претставуваат и конкретна реализација на годишната национална програма за членство во НАТО алијансата. Овој документ како што е познато го детерминира вистинскиот број и структура на квалификуван воен и цивилен персонал во составот на Армијата на Република Македонија . Реформите се фокусирани на зголемување на бројот на професионални војници и подофицери со едновремено намалување на офицерите, војниците регрути и цивилните лица на служба во армијата. Според националната стратегија познато е дека до крајот на 2007 година бројната состојба на АРМ од сегашните 16 007, треба да се сведе на 12858 воени и цивилни лица. Во овој момент во рамките на армијата на Република Македонија недостигаат околу 1700 подофицери, додека околу 700 офицери со високи чинови се вишок. Она што заслужува посебно внимание во овој Предлог на закон е хуманиот аспект кој беше веќе неколку пати потенциран, на начинот, односно решението кое се предлага за остварување на редукцијата на бројот на воени и цивилни лица. Имено, се предлага преку инструмент докуп на стаж до 5 години да се изврши намалување на персоналот во Армијата на Република Македонија . Според Предлогот на законот се очекува на овој начин 892 лица до крајот на 2007 година да заминат во старосна пензија со остварување на полн износ на пензија. Освен ова предложениот закон врши усогласување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија со Законот за пензиско и инвалидско осигурување преку јасно дефинирање на поимот престанок на работен однос по потреба на службата. Со тоа се овозможува припадниците на Армијата на Република Македонија кои исполнуваат одредени предуслови, најмалку 25 години стаж и 55 години старост за мажите, односно 50 години за жените да остварат право на старосна пензија. Истовремено во Законот се врши допрецизирање на Законот за служба во армијата на Република Македонија во делот на надлежностите за изрекување на дисциплински мерки на професионалните војници и воени старешини.

Јас потполно се согласувам со претходниот дискутант дека Министерството за одбрана на Република Македонија треба да излезе со една опсежна анализа за тоа колку ќе ја чини Македонија приклучувањето, или полноправното членство во НАТО. Меѓутоа, би сакал да потенцирам дека без разлика дали ние ќе станеме полноправни членки на НАТО порано или подоцна, или нема да станеме, секако дека ние мораме да ја реформираме нашата армија во духот на времето во кое живееме според одредени европски и светски стандарди кои важат денес. Така што сите трошоци кои се предвидени за тоа , мислам дека ќе бидат и мора едноставно да ги обезбедиме како држава ако сакаме стабилизација на внатрешните состојби, ако сакаме модерна армија која ќе може да се справи со предизвиците на времето во кое живееме. Се на се, Предлог законот што денес е пред нас заслужува полна подршка од нас пратениците и тоа нека претставува уште еден импулс за Министерството за одбрана да продолжи со предлагањето на вакви квалитетни законски решенија со помош на кои и практично ќе ја реализира националната стратегија за реформи на Армијата на Република Македонија како една од најголемите обврски и предуслови, пак ќе кажам, за наше полноправно членство во НАТО структурите. Поаѓајки од ова , јас лично, а и пратеничката група на Либерално-демократската партија во целост ќе го подржиме предложениот закон.

АГРОН БУЏАКУ:

Има збор господинот Коце Трајановски:

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас би сакал да се вклучам во дискусијата при донесувањето на овој закон со оглед на тоа што сум член на Комисијата за одбрана и безбедност на која што го разгледувавме овој закон. Притоа сакам да потсетам дека определбата за зачленување во Евроатлантската алијанса на нашата Република ВМРО-ДПМНЕ одсекогаш ја подржувало и ќе ја подржува и понатаму. Впрочем тоа е и во нашите определби во нашите програмски документи уште од основањето на партијата, значи повеќе од 10 години. Што се однесува до овој закон, ние како ВМРО-ДПМНЕ ќе го подржиме овој закон, бидејки сметаме дека е хуман закон во кој што трансформацијата на армијата на Република Македонија во делот на намалувањето на бројот на вработените, или на лицата кои што се во Министерството за одбрана и во Армијата на Република Македонија од

офицерскиот кадар, регрутите војници, цивилните лица во служба на армијата ќе се намали до 2007 година за 892 лица. Хуман закон со оглед на тоа што на луѓето ќе им престане работниот однос во Армијата на Република Македонија , значи ќе бидат предвремено пензионирани, значи со докуп на стаж за 5 години, што значи дека овие луѓе ќе бидат социјално згрижени. Притоа сакам да потсетам дека жалиме што ваков и сличен закон не е применет и во другите делови од администрацијата во Република Македонија , во министерствата и јавните претпријатија, бидеки сведоци сме од 15 септември наваму дека имаше масовни отпуштања во Електростопанство околу 1000 вработени, ПУИГ околу 400, здравство околу 1000. Се наговестуваат и понатамошни отпуштања. Значи, сите тие беа отпуштани на најбрутален начин, за разлика од овој закон кој што, еве министерот се изборил во Владата на Република Македонија во неговиот ресор вработените да одат на еден крајно хуман начин и ние тоа го поздравуваме како закон ќе го подржиме како ВМРО-ДПМНЕ. Притоа би сакал да потсетам, тоа го кажавме и на Комисијата, значи би сугерирале при ова да нема злоупотреби на овој закон, злоупотреби во смисол на селективна примена на овој закон, така што одредени вработени поради различни погодности да можат да останат, или да не останат во зависност од тоа колку се погодни, или непогодни за раководниот кадар, што сметам дека не би требало да се направи и нема да се направи, меѓутоа ние сакаме да укажеме на ова.

На крај ќе завршам, значи ние ќе го подржиме овој закон и апелираме понатаму во понатамошните трансформации на администрацијата во јавните претпријатија, во министерствата да се примени ваков закон со оглед на тоа што е хуман. Иако сакам да потсетам, кога ние во нашиот мандат, минатиот мандат кога донесовме еден сличен ваков закон за намалување на администрацијата со докуп на стаж од тогашната опозиција, сегашната позиција имавме жестоки критики како не треба луѓето предвреме да се бркаат од работа, дека се многу стручни, дека луѓето се на крајот од својата кариера каде што можат најповеќе да допринесат, меѓутоа, еве, сега доаѓаме во една друга ситуација, меѓутоа независно од тоа хумаоста ние ќе ја подржиме.

АГРОН БУЦАКУ:

Има збор господинот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, пред нас е Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија , со Предлог на закон. На самиот почеток сакам да нагласам дека со Законот за служба во Армијата на Република Македонија се регулирани статусот, правата, обврските на претставниците на припадниците на Армијата на Република Македонија како системот на плати, компензации и други прашања во службата на Армијата. Република Македонија јасно се определи за членство во НАТО и во овој правец Армијата на Република Македонија се соочува со предизвикот на трансформација поради реконструкцијата и нејзиното оспособување за влегување во НАТО. Основните инстументи за реализирање на реформите произлегуваат од определбите на годишниот национален план за членство во НАТО како составен дел на планот за приклучување во НАТО и националната концепција за безбедност на Република Македонија која што претходно ние ја усвоивме во Парламентот. Според овие документи неопходни се реформите во Армијата на Република Македонија кои што ќе овозможат реален број на персоналот, војници, старешини и како што беше нагласено до 2007 година од 16 илјади треба да се намали бројката на 13 илјади. За реализирање на оваа определба Владата на Република Македонија пред Парламентот го поднесе предлогот кој што го имаме сега , денес на дневен ред. Во овој документ, односно сакам да нагласам два основни моменти кои што мислам дека вредат за да се нагласат посебно.

Прво, определбите на член 2 кои што се однесуваат на дополнувањата со членот 49 на основниот закон каде што се предвидува можноста за прекин на работа според потреба и задача на старешините кои што имаа најмалку 25 години стаж од кои 15 години поминати ефективно на места каде што стажот, или искуството , работното искуство се пресметува со времето дополнување на една година од 12 месеци на 15 месеци под услов мажите да имаат 55, а жените 50 години. На ваков начин ќе се овозможи овие лица доколку се наоѓаат пред оваа законска определба да имаат право на реализација на пензија од 62 до 80% од пензиската основица зависно од стажот што го имаат.

Вториот момент кој што сакам да го нагласам, определбата на член 4 која што предвидува можност во преодниот период, значи од влегувањето во сила на овој закон до 31 декември 2007 година вработените во армијата на Република Македонија старешини и цивилни лица да можат да добијат право на пензија , целосна пензија со компензација или купување на стажот до 5 години според

годините , не сакам да ги определувам, бидејки беше нагласено дека станува збор за 892 лица. Сакам да нагласам дека овие определби на Предлог законот се целосна гаранција за социјална сигурност на оние кои што најдобриот дел од животот го имаат посветено на армијата, а со тоа се избегнува од технолошки вишок, значи како што нагласи и министерот на Комисијата при неговото образложување на Предлог на законот кој што се наоѓа денеска пред нас. Во овој правец, иако овде не е господинот Даневски, јас сакам накратко да му одговорам дека ние како Парламент не смееме да внесуваме страв, дека со овој закон овие 892 лица се ставаат во една ситуација на унапредување во споредба со другите структури во државата. Од самиот факт на спецификата на службата во армијата и од самиот факт дека овие лица како што реков најдобриот дел од животот го поминаа во служба на државата и на институцијата на која и припаѓаат, мислам дека и со закон и морално им припаѓа посебно место и статус, унапреден статус во оваа држава. Имајки ги во предвид овие определби во Предлог законот кој што денес го имаме тука направените анализи за редуктирање на воениот и цивилниот персонал во армијата како и искуствата на другите држави аспиранти за членство во НАТО и тие кои што добија покана за членство во НАТО, јас го подржувам Предлог законот за дополнување на Законот за служба во Армијата и во името на пратеничката група на ДУИ ние ќе гласаме за Предлогот на законот.

АГРОН БУЏАКУ:

Има уште две минути до најавената пауза заради барање на пратеничката група. На ред е господинот Караџоски. Јас мислам дека овој пат господинот ќе има разбирање да не му даваме збор сега, туку после паузата. Јас мислам дека во ова време господинот Караџоски, или после некој ден треба прво да проучи дека се' што не е забрането е дозволено според либералното сваќање, а се' што не пишува за поместување на точката според комунистичкото на кое вие често се повикувате дека сте антикомунистички и т.н., но вашето излагање одеше на тоа дека ако не е дозволено специфично со Деловникот, тогаш тоа е забрането.  А логиката вели дека ако се утврдува дневниот ред, па после се оди на измените, ние практично работиме по еден утврден дневен ред па после ние гласаме да го измениме тој дневен ред. И тука јас мислам дека нема логика и ќе се сложите со мене. А што се однесува до пропустите на Деловникот, вие сте го изгласале.

Објавувам пауза до 13,30 часот.

(Пауза од 12,00 часот).

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Дозволете ми што можам најкратко да го изнесам моето мислење по однос на предлогот на закон кој што ми се нуди, а тоа е законот за измени и дополнување на Законот за Служба во Армијата на Република Македонија. Да не се повторуваме, со се она што беше изнесено и од министерот за одбрана и од одредени пратеници и потребата и целта која се сака да се постигне со овој закон, апсолутно е оправдано и држи место. Што значи дека, неспорно е тоа дека интерес на сите граѓани во Република Македонија, независно која Влада раководи со Република Македонија, е Македонија да влезе во НАТО и тоа што поскоро тоа подобро, а согласно пак на она што е зацртано со програми, нормално дека треба да се реализира. Која е сега пак основната потреба од донесување на еден ваков закон. Потребата е јасна, треба редукција на армискиот кадар. Потребата е јасна од проста причина што треба 892 лица да заминат во предвремена пензија според стандардите на НАТО. Значи, таа редукција на тој армиски кадар треба да изнесува одредена бројка од 12.858 војници и воени лица. Нормално, за да се согласуваме во овој период до 2007 година направена е една програма, која што Владата на Република Македонија овде ни ја нуди во образложението во 2003 година - 356 лица, во 2004 година 122 лица и т.н., до вкупната бројка од 892 лица. Апсолутно, неспорна е потребата. Не е спорно и она што го регулира законот, предвремената пензија, пензионирањето и до така ослободување на тој кадар. Можеби не е спорно од онаа етичка природа, од човечка природа кога некој останува без работа, најдобро е да се најде еден пакет, начин на кој што полесно ќе се преболи целата таа работа и тоа е одбрана на овој начин. Всушност тоа и не е некоја новина, правена е во претходните периоди, меѓутоа, сакам да напоменам една работа дека ваквата фомула за отпуштање или докупот на стаж беше во многу наврати дискутабилен, дури и Уставниот суд се има произнесено на една одлука од претходната Влада, која што донесе нешто слично вакво, па Уставниот суд го укина како неуставна одредба. Можеби тука има аргументи за некаква уставност или неуставност, бидејќи по овластувањето само на една категорија на луѓето кои се во служба во АРМ и давањето само на нив право дека можат да одат во предвремена пензија согласно овој закон, во прашање се доведува и уставната позиција на еднаквост на сите граѓани пред Уставот и законот. Тоа е доста дискутабилно, да

речеме, од тој аспект, меѓутоа, тоа е можеби работа на Уставниот суд, но и на нас како парламетарци не е на одмет да го кажеме тоа мислење. Логички би било, можеби не би било толку дискутабилно, доколку вакви решенија нудиме како Влада или ние како Собрание кои гласаме и во останатите сегменти односно и во останатите решенија, кои што предвидуваат отпуштање на работниците од работа. Да речеме, оправдувањето држи, има оправданост во смисла на тоа дека, овие лица, сепак, користат државни средства, доколку се отпуштат на овој начин, наместо предвидените 41 милион евра, би се заштедиле околу 20, со тоа што би се докупил стажот. Но, треба да водиме сметка дека да не доведуваме некого во привилегирана позиција, а некој да не може да го користи тоа право. Сите сме сведоци дека оваа Влада откако дојде на власт, ако нешто успешно сработи, тоа е масовното отпуштање луѓе од работа. И, тоа е направено во јавниот сектор, во јавните претпријатија, фондовите за здравство и т.н. кои што исто така во голем дел под државна капа. Сега, логично се поставува прашањето зошто Владата не можеше да предвиди на и тие отпуштени работници да предвиди едно вакво решение. Тоа прашање ние го покренавме на Собранието на Република Македонија за докуп на стаж да се реши и тоа прашање. Но, добро, немаше расположение, немаше чувство и се усвои така како што се усвои.

Само би сакал тука една работа да го искористам присуството на министерот, во образложението, на крајот кога станува збор за финансиски средства стои дека за спроведување на овој закон потребни се дополни финансиски средства во Буџетот на Република Македонија во вкупен износ од 23 милиони 490.138 илјади евра. Значи, дека овие средства не се обезбедени во Буџетот, значи треба да се обезбедат накнадно. Нормално е дека не се обезбедени после овој закон кога се проектирал Буџетот, па ниту пак Ребалансот кога го носевме, но со оглед што овој план за пристаспување во НАТО не е од вчера, се работел подолго, би требало да се има предвид. Сега, можеби е некоја среќна околност, ако воопшто е среќна околност што сега не знаеме што да правиме со оние 30 милиони евра, кои ни останаа во Буџетот како средства кои што требаше да ги искористиме за Бранковиот закон, да вработиме 30.000 луѓе оваа година, ама за жал, иако тогаш на нашите дискусии кога кажувавме дека тоа е илузија и дека такви шанси нема, таа бројка не се исполни, незнам која е точната, нека се и 6.000 далеку од она што е предвидено факт е дека средствата остануваат во Буџетот. Повторно ќе кажам, можеби е среќна околност, овие средства 23 или 24 милиони евра, токму толку одговараат да се употребат за оваа намена.

Сега, друго да ви кажам. Би било добро господинот премиер секоја година да ни носи бранков закон. Значи, секоја година во резерва ќе имаме по 30 милиони евра и би било добро кога се предлагаат закони, а се предлагаат и решенија каде што треба да се отпуштат вработените, да го послушаат и господинот Бучковски. Затоа што, тој кога отпушта барем дава пензија. А, господинот премиер отупушта ама не дава пензии. Ако во резерва ги држиме постојано 30 милиони заради бранковиот закон, буквално можеме уште олкав број да отпуштиме, ама барем ќе им дадеме пензија. Тоа е она што може вака накратко да се каже. Ние го кажавме ставот дека ќе го подржиме овој закон, а за пари не треба да се секираме, има во Буџетот, до Нова Година имаме време, ќе направиме уште еден ребаланс, не е никаков проблем.

АГРОН БУЏАКУ:

Ви благодарам господине Караџоски.

Има збор господинот Есад Рахиќ.

ЕСАД РАХИЌ:

Почитуван потпретседателе на Собранието на Република Македонија, драги колеги, почитувани министдри и претсавници од извршната власт.

Јас не сум експерт од сите области како поединци, меѓутоа, бидејќи членував во матичната комисија по чиј предлог на закон се расправа, ќе се обидам да расчистам неколку дилеми, доколку ги имаме или ги имаат колегите.

Прво, на сите нас полна ни е устата со евроинтеграции, со фНАТО и слично, меѓутоа, кога ќе дојде време да се направат одредени промени, секогаш наоѓаме прилика, дали има потреба или не да искритикуваме, или да пофаликме некоја работа. Да расчистиме, имаше една дилема колку ќе не чини влегувањето во НАТО. Без оглед на тоа дали Република Македонија ќе влезе во НАТО или не, ние модернизација на вооружените сили мораме да имаме и тоа ќе чини. Мислам дека ова ре прилика, бидејќи се работи за еден колективен систем, кој од прилика има и познавање на посебните состојби на државите, дека од оваа состојба ние можеме да извлечеме и да добиеме нешто буквално и без пари, некоја донација, гранд или слично. Така што, тука не држи дека доколку ние влеземе во НАТО ќе потрошиме пари, а ако не влеземе во НАТО нема да потрошиме пари за модернизација на вооружените сили.

Втора дилема која што ја имаше кај мои колеги е тоа дека дилемата зошто овие луѓе се привилегирани во однос на останатите што работат во администрацијата. Да расчистиме овде не станува збор за обична администрација, тука станува збор за посебна група на луѓе, кои водат посебни дејностди и чија што работа е регулирана со посебен закон, закон за Служба во АРМ. Тука не смее да се повлекува никаква паралела, се знае воените лица во какви услови живеат и работат и слично, од аспект на компаративна метода со другите системи.

Втора работа, што мене лично ме интересира, тука има усогласување на Законот за Служба во АРМ и со Законот за пензиско и инвалидско осигурување и на еден хуман начин се предвидува овие луѓе да бидат ситуирани за понатаму. И, она што го спомна колегата Караџоски и останатите, што со доследна примена на овој закон се создава вишок од некаде 18,5 милиони евра, кои што во понатамошниот тек може да се искористат или за модернизација на вооружените сили или пак за некои други супстандарди или стандарди кои што се потребни за изградба на станови и слично. Особено битен е елементот што со заминување на овие луѓе од Армијата, бидејќи стана збор за офицери на Армијата, ќе се постигне и балансот според одредени структури кои стандарди ги бара НАТО. Односите кои што се во армиите на НАТО современите кон кои што и ние се стремиме е еден, три, девет, односно на еден офицер три подофицери, на еден подофицир тројца војници, така што со ова ние ќе се приближиме во тој сегмент.

Посебно она што сакам да го кажам, со што и почнав на почетокот, колку и да е болно, ние овие реформи мораме да ги направиме, заради наше приближување на стандардите на северoатланскиот пакт односно на НАТО пактот и ние кон тоа ќе одиме. Во име на тоа, јас во името на пратеничката група и во мое име кажувам дека ние ќе го подржиме овој предлог закон и сите закони кои се во функција на подобрување на нашата законска регулатива во приближување на стандардите, на законите и на Унијата и на НАТО пактот.

Благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Благодарам.

За реплика се јави господинот Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

На почитуван колега Есад Рахиќ, мислам дека не ме разбрал доволно, алудираше на моето кажување, јас реков да не се доведеме во позиција за тие луѓе на кои сакаме да им помогнеме 892, случајно да не останат на улица. Тогаш, ќе имаме голем проблеми и голема мака со луѓето. Навистина, ќе се доведеме во непријатна ситуација, како Парламентот, така и Владата на Република Македонија и Министерството. Од тие причини јас зборував дали е издржавно во однос на она што значи уставна категорија, да не ни падне на Уставнот суд.

Во однос на она колку нас ќе не чини НАТО, ќе видиме. Пресметките кажуваат дека во најмала рака нас влегувањето во НАТО ќе не чини два годишни буџет на Република Македонија. Тоа му доаѓа некаде најмалку две милијарди долари за старт. Така кажуваат информациите, можеби и тоа не е точно, но ќе видиме. Тука има стручни луѓе, кои работат на таа проблематика и Министерството еден ден ќе излезе со официјални бројки.

АГРОН БУЏАКУ:

Има реплика од една минута од страна на господинот Есад Рахиќ.

ЕСАД РАХИЌ:

Се сложувам со тоа дека влегувањето во НАТО чини, меѓутоа чини и безбедноста на државата. Јас токму тоа и го потенцирав, дали ние ќе влеземе или нема да влеземе во НАТО, ние тие пари ќе ги потрошиме. Поентата што можеби со влегувањето во овие структури, тие пари ќе бидат помали. Инаку, знаеме колку ја чинеше Република Македонија, всушност, сеуште не знаеме колку чинеше купувањето на оружје што се случи во 2001 година. Така што, мислам овде со јавни параметри ќе знаеме колку точно ќе не чини и се надеваме на помош на нашите сојузниси и колеги од НАТО.

Благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Има збор господинот Ружди Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Ви благодарам господине потпретседателе, почитувани колеги,

Ние сме за реформи во Армијата на Република Македонија, меѓутоа, начинот кој вие го спроведувате, не е вистински начин. Вие предлагате во овој закон

во предвремена пензија да одат една категорија на вработени во Армијата на Република Македонија, мислам да се пензионираат предвреме со привилегирани услови, што е противуставна категорија, која што и вас ви е јасно. Мислиме дека реформите не треба да се прават со неуставни решенија. Меѓутоа, треба термелно да се работи од тој аспект.

Ќе се обидам да се надоврзам малку пошироко и да дадам и некои мислења на воени експерти на НАТО кои мислат дека во Министерството за одбрана на Република Македонија сеуште постои политички патронат кој што ги игнорира талентите и квалификациите и во прв план ги става конзервативните кадри кои се плашат од реформи, од генералните реформи. Што се однесува на реформите во Секторот за одбрана и безбедност, има аларманти знаци на поделба во обид на терање на реформи, а има и недостаток на координирање.

Од почеток, господине претседателе, изгледа дека сум излегол од темата, меѓутоа на крај ќе се надоврзам комплетно со темата. Армијата на Република Македонија е вклучена во безбедноста на државата, ќе треба значи да имаме еден јасен механизам за политичка контрола. Во текот на донесување на одлука за вклучување на Армијата на Република Македонија во внатрешната безбедност, опасни се, значи егзистирањето на повеќе одвоени команди кои можат да дозволат дејствувања независни дејстдвувања, посебно ако АРМ ќе беше дел од операциите за поддршка на полицијата во државата. Значи, тука треба да постојат регулативи, законски регулативи што ќе бидат прецизни и нема да остават простор за различни интерпретации во зависност од тоа како кому му одговара. Ова го велам со цел да не се повтори веќе случајот од Брест, кога со комбинирани полициски сили се дејствцуваше без поддршка во законот. Ова е сегмент кој што треба прецизно Министерството за одбрана да го спроведува и да го реализира од причина кој сегмент се бара од механизмите на НАТО да Република Македонија оваа година се дисциплинира. Значи, наместо да се реализираат реформите и да се спроведуваат препораките од НАТО, ние сеуште правиме трошоци со вооружување, кое треба всушност да се отргне од Република Македонија и сеуште плаќаме администрација што треба да се земе со ова вооружување.

Јас ќе го цитирам експертот на НАТО кој за Министерството за одбрана на Република Македонија вели вака: “Министерството за одбрана треба да има определба, доктринска определба за мала војска, подвижна, мобилна војска, која ќе биде во функција на предизвиците во регионот. Можностите, ограничените финансиски можности и транзитни можности, определбата за зачленување во НАТО

и потребата од усовршување на системот за поедноставно управување во војската, бараат концепт нов концепт, чија основа ќе биде подготвување на АРМ за самоодбрана”. Значи и редуцирањето на вработените во АРМ треба да се направи врз основа на ова. Бриселските експерти велат дека сеуште логистиката на АРМ функционира надвор од стандардите на НАТО. Значи, во логистиката на АРМ се плаќаат администратори и луѓе и ако ние одиме според стандардите на НАТО, тие трошоци треба да бидат многу помали. Армијата на Република Македонија треба да формира служби во логистиката за функционирање на односните служби. Воени експерти на НАТО констатирале дека составот на АРМ треба да се димензионира со 14.000 војници, вклучувајќи го тука и вкупниот персонал офицери, војници и цивилни лица. Додека во моментов, во Министерството за одбрана имаме 6.600 и нешто вработени и се подразбира тука имаме еден услов од НАТО, да се изгради и етнички состав, додека овде имаме 2,30% албанци. Меѓутоа, политичките раководства на овие држави не гледале да изградат персонален личен рејтинг или рејтинг на политичката партија која што ја претставувале, туку се обидувале цело време да изградат рејтинг на државата.

Го имаме најеклатантниот случај во последните избори во Бугарија, локалните избори каде што изгуби актуелниот премиер на Бугарија, што е една од централните фигури во Бугарија, што ја вклучува Бугарија во НАТО и Европската унија.

АГРОН БУЏАКУ:

Има збор г-динот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

би сакал и јас да се произнесам по Предлог законот за дополнување на Законот за служење во Армијата на РМ, би сакал да кажам уште однапред дека дадениот предлог е во спротивно со Уставот и Законот за ПИО - пензиско инвалидско осигурување. И кој што сметам ако би гледале реално тој не би поминал од Уставниот суд, а веројатно ќе гласаме поголем дел може и сите пратеници, да помине ваков како што е поставен од една единствена причина дека причините за кој се носи се тоа што влегување на РМ во НАТО структурите.

Би сакал да кажам во Законот се решава парцијално еден сегмент, од услови кои што е потребно за да влеземе во НАТО структурите, а исто така нашите желби

не се мали и за влегување во ЕЗ и ЕУ, каде што ќе имаме уште поголеми притисоци за решавање на у ште потешки прашања. Неспорен факт е дека во РМ се зборува повеќе за НАТО повеќе години, дека имаме голема адмнинистрација, и ни се укажува за подолги години дека исто треба да биде сведена веројатно на една 40% помалку од тоа што го имаме. Од тие причини сметам дека излагањето на министерот за одбрана како да не доведува во една состојба дека претстојат такви разговори за Република Македонија, за влегување во НАТО со тоа што треба бројот на Армијата да се намали за одреден број кој ќе биде еден од условите. Што би било утре кога кога ќе побараме за влегување во ЕУ каде што ќе ни бараат намалување на администрацијата на 20, 30 или повеќе вработувања на вработени луѓе. Дали и тогаш пак би решавале со некој ваков законн парцијално и тоа исто така да биде спротивен на Уставот и Законот за пензиско и инвалидско осигурување. За мене треба владата многу постудиозно и поодговорно да им приоѓа на овие прашања кои се од витално значење за РМ, и неопходно се укажува потреба за интервенција, во Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со кое што ќе бидат опфатени и решени овие проблеми за вработени лица кои што се финансираат од Буџетот да можат да одат во пензија со наполнети 25 години работен стаж, како што е предвидено во овој закон, и кое нешто би траело се додека не се сведи до бројка до која што е потребна да ја имаме таквата бројка да ги исполниме условите. Инаку, вака јас мислам било кој граѓанин да поднесе до Уставен суд овој закон ќе падне. Нема место да помине вака, бидејќи истиот е спротивен со Уставот спротивен со законот за пензиско и инвалидско осигурување без разлилка што нашите желби се ако го вака направиме ќе ги исполниме условите кои што ни ги бараат. Сепак треба многу постудиозно и отстапување од критериумите во Законот за пензиско и инвалидско осигурување, за некој период веројатно од пет или 10 години, за кој период и ќе се најдат средства, за тој зголемен број на пензионери кои што би отишле со помал работен стаж кој што се предвидува сега со Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Од тоа сметам дека сепак Владата треба постудиозно да им прејде на сите работи отколку вака парцијално да го доведува парламентот поготово ќе ја доведе позицијата затоа што треба да го поддржи што и ние збориме дека ќе го поддржиме но сепак Законот не е уставен не е законит.

Толку имам да ви кажам.

АГРОН БУЏАКУ:

Благодарам г-дин Манев.

Има збор г-динот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Ви благодарам г-дине потпретседател,

Мислам дека немаше потреба да земам повторно збор, но последните диускусии кои што произлегоа оставија впечаток, или не се разбираме или ги заменуваме  тезите. Предлог законот станува збор со посебна категорија на луѓе, што и во мојата претходна дискусија спомнав, станува збор за луѓе кои што еден најдобар дел од својот живот му го посветија на државата и посебно никој од дискутантите овдека не го има почувствувано тој живот. Не станува збор за правна категорија туку за политичка одлука и политичка одговорност за иднина и реформите колку и да се тешки, туку е потребно треба да се направи еден ваков рез во ситуацијава. Значајно е  луѓето од овој момент и натаму сите кои кои што ќе се определат за служење во една ваква институција ќе имате една можна безбедност и сигурност во иднина врз основа на овие начела на законот да можат да сметаат за нивна социјална сигурност тие се лица кои немаат друга професија кои освен во една професија. Не смее овие луѓе а посебно со последните интенции така да кажам од сите тие работи што се прават ние се обидуваме да вклучиме и албански претставници, значи во овие навлегувања, тие треба да знаат да имаат сигурност и да знаат каде одат, неможете да го користите човекот 30 години, и во времто кога сметате дека не е потребен за вас, да го оставите на улица.

Уште еднаш потенцирам. Можеби ниту еден од вас овде не се довел во ситуација постојано да имате чизми на нозе за да ја разберете тежината на овој проблем што ние денес го решаваме. Без оглед на правниот аспект, ние имаме политичка одлука за посебна категорија на луѓе кои во спеицифижни и посебни услови извршувале  обврска спрема народот и државата.

Сстранските искуства велат, во Америка, Турција, и во Западните земји или во земјите членки на НАТО, за секој вработен за Армијата, државите  во своите буџети, бо пензискиот фонд или во посебниот дел од пензискиот фонд одвојуваат посебни средства со кои, зависно од позициите што ги извршуваат старешините, со одење од редовите на војската им се компензира тоа, од делот од тој фонд што се издвојува и со тој дел од фондот тие лица имаат можност, да го поддржат новиот бизнис или новата професија од која може да живеат. Но за делот од времето што го поминале во Армијата, на тие луѓе им се определува висина на пензија, обврзувачка, за врмето што го поминале во Армијата. Оваа пракса можете да ја видите во Турција, во Америка, и каде и да е во Западно европските земји.

Вториот дел од мојата дискусија се однесува на дел од репликата за замена на тези а тоа е дека употребата на војската што се предвидува ќе може на хаотичен начин да се искористи на место или без место, токму од тие причини. Што се однесува до случаите за употреба на единиците без место, со цела одговорност можам да кажам дека тоа не е така, дека претходниот состав треба да биде познат.

Со одлука на Владата во 2001 година, во пограничните зони, во делот на границаста со Косово, како и на границата спрема Албанија, од претходната широчина, пограничната зона беше проширена од 5 на 10 км. Јас не мислам дека сум голем експерт за ова прашање, но ценам дека имам такви можности, такво искуство, што можам да кажам дека тоа се основи врз чија основа тоа е направено. Но, злоупотребата и замената на тези се прави на тој начин, во тој правец што некој кога донел одлука за проширување на пограничната зона, да не ја земе одговорноста за таа состојба, бара оправдување во дејствијата кои се направени.

На крајот да кажам дека со националниот концепт за одбрана на РМ се определува јасна одлука, политичка одлука за задачи и мисии на Армијата. Ние оценуваме дека една таква можност ќе може да се случи тогаш кога ќе бидат усвоени сите документи кои произлегуваат од концептот и доколку се направи промена на сите акти кои се однесуваат на употребата на сила, тргнувајќи од начелата на Уствот поглавје 7, Законот за одбрана, Законот за служење војска и сите одлуки кои одат во правец на реализација. Ние земаме политичка одговорност за една ваква одлука и ќе ги сносиме последиците од дејствијата што ќе се случат. Не случајно сме тука каде што сме. Ова искуство на промена го има и во Р.Албанија, и во Р. Хрватска и на други места. Затоа ние не смееме да посееме страв, од аспектите што ги правиме промените. Затоа, се предвидува избрадба на јасен систем на реалилзација на контролна функција, политичка, демократска, над силата.

Јас несакам повеќе да зборувам и молам да се определиме за темата а тоа е Законот за измена и дополнување на Законот за служење во АРМ.

АГРОН БУЏАКУ:

Господине Матоши пред да ви дадам збор да кажам дека јас ви дозволив да зборувате малку и надвор од дневниот ред, заради тоа што сами рековте дека тоа е поврзано со темата. Јас мислам, може би прејудицирам, и вашата реплика, значи кога ќе разговараме за концепцијата и за други работи овде во Собранието, тогаш ќе имате прилика сите да се искажете.

Уште еднаш да ве предупредам да се држите до точката на дневниот ред.

РУЖДИ МАТОШИ:

Сакам да му реплицирам на г-динот Талат.

Што се однесува до мојата дискусија јас се обидов да бидам што поконструктивен.

И експертот на НАТО вели дека војската на РМ бара политичка контрола. Токму политичката контрола произлегува интервенирањето во Брест.

Ниту вие г-дине Буџаку, ниту заменик министерот за внатрешни работи, ниту пратениците на ДУИ знаеле дека ќе се интервенира во Брест, Токму, во овој сегмент се бара да се има политичка контрола. Затоа јас незнам што стана.

АГРОН БУЏАКУ:

Реплика на реплика има г-динот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Јас ќе ви кажам што стана. Се случи тоа што јас знам што се подразбира под демократска и политичка контрола врз силата. Тоа подразбира законска определба на задачите, функциите и обврските на силите. Демократската контрола над силата или парламентарната контрола не подразбира само регулатива туку подразбира и еден слет на дејствувања и акти што треба да се преземат за реализирање на контролата. ако некој има проблоем со дефиницијата демократска контрола, нема проблем, можеме да седнеме и да дебатираме. Меѓутоа, во овој момент мислам дека е доволно за овој случај. Ако има потреба можеме да седнеме и да разговараме.

АГРОН БУЏАКУ:

Има реплика г-динот Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Да не се разбереме погрешно, ДПА е за реформи и тоа темелни реформи, а посебно во областа на одбраната. Значи темелно., сутински. Ние сме против реформите кои се неуставни. Тука е проблемот. Ние ќе ве поддржиме да ги извадите старите кадри, да се намали бројот на администрацијата и бројот на вработените во Министерството за одбрана, да се зголеми бројот на албанците и другите групи во Министерството за одбрана. Меѓутоа ова треба да се направи со реформи кои нема да се судрат со Уставот. Што ако утре уставниот суд го отфрли овој закон. Истите луѓе ќе се врататј повторно на работа и вие не сте создале ниту простор за реформа на менталитетот со оттргнување на старите кадри, ниту сте оставиле простор да се вработат претставници од другите народи посебно албанците.

АГРОН БУЏАКУ:

Реплика на реплика има г-динот Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Се знае дека треба да се зголеми бројот на албанците во редовите на Армијата. Јас ја користам приликата да кажам дека не е 2,30% бројот на албанците во редовите на Армијата туку е 6% во моментот.

АГРОН БУЏАКУ:

Господинот Манев има реплика во времетраење од 3 минути.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Само би сакал накратко да одговорам на излагањето на почитуваниот колега Талат кој што изнесе дека овој закон е политичка одлука и од тие причини, за спроведување на реформи во Армијата, сето друго е небитно бидејќи се работи за чисто политичка одлука.

Неспорен факт е дека сите закони се политичка одлука на мнозинството пратеници. Но, спорен факт е дека сите одлуки што се носат во Собранието како закони или било што, мора да се во согласност со Устав и некој закон, ако има основен закон. Јас во тој дел зборував дека ние не сме против реформи во Армијата. Зборував дека не може да се донесе ваков закон што е спротивен со основниот закон за одење во пензија, а исто така и Уставот. Во тој дел ние мораме да бидеме единствени и затоа се укажува на потребата не само во овој дел, туку во еден поширок дел да се интервенира во самиот Закон за ПИО. Инаку, во другото се согласуваме сите што зборуваме. Никој не зборува дека не сме за реформи во Армијата. Никој не зборува. Зборуваме за начинот. Овој начин е неподобен, спротивен на законот и Уставот.

Толку би имал.

АГРОН БУЏАКУ:

Дали некој друг бара збор?

Има збор министерот за одбрана.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Почитуван потпретседателе на Собранието, почитувани пратнеици,

Сакајќи да дадам дополнителни објаснувања за да не се стекне впечаток дека предлагач на законот е некој од претставниците на Комисијата за одбрана и безбедност, матичната комисија, јас ви благодарам на сите претставници на матичната комисија кои се обидоа да го одбранат законот како да се тие предлагачи, а не Владата, што само говори дека некому невообичаено, но може да има добра

соработка и помеѓу Владата и помеѓу една од матичните собраниски комисии, независно од политичката припадност.

Дефинитивно, на овој закон е работено и повеќе време отколку што е потребно, за да се избегне замката за која што верувам дека се конструктивни и ја отворија дел од пратениците од опозицијата околу уставноста на овој закон. Консултациите и експертските мислења со мисиите што се правени говорат дека припадниците на безбедносните структури, за припадниците на Армијата нашиот политички систем има посебен закон, има посебен лек специјалис. Ова особено на господинот Манев кој сака и правнички да разговараме и ќе ме разбере. Значи има специјален закон што го регулира статусот на оваа категорија на лица и однапред ја привелегира. Со самото тоа што, да речеме, за 12 месеци смета во пензиски стаж 15 месеци и со други привелегии за кои што говореа дел од пратениците. Значи, ако се реагираше во основниот закон што го регулира пензионирањето, а тоа е Законот за пензиско и инвалидско осигурување, тогаш ќе се создадеше нееднаквост. Сугестиите на експертите и консултациите што ги вршевме и со Фондот за ПИО наметнаа да излеземе со едно вакво законско решение, каде што во посебниот закон нудие такво решение.

Благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Благодарам господине министре.

Молам дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување закон за дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, од кои 60 за , еден против и 4 пратеници воздржано.

Констатирам дека е усвоен заклучокот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да глсаме.

Гласале 63 пратеници, 60 за, 3 воздржани.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2 во воведната реченица и на член 4 став 1.

Отворам претрес по амандманот на член 2 во воведната реченица, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ.

Амандманот се прифаќа.

АГРОН БУЏАКУ:

Значи амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

АГРОН БУЏАКУ:

Породолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 60 пратеници, воздржано гласале 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за служба во Армија на Република Македонија.

Минуваме на точката 2 - **Предлог за донесување на закон за продажба на станови во државна сопственост кои потекнуваат од Станбениот фонд на поранешната ЈНА, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Костадинова Емилија.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Почитуван потпретседателе, господин министре и претставници на Владата, колеги пратеници,

Накратко ќе земам учество во расправата по Предлогот за донесување на закон за продажба на станови во државна сопственост што потекнуваат од Станбениот фонд на поранешната ЈНА, со Предлог на закон што го имаме за разгледување како втора точка на денешната 40-та седница.

Веднаш на почетокот ќе нагласам дека истиот го прифаќам, поддржувам и ќе гласам за негово усвојување, како што е став на пратеничката група на СДСМ тој да се прифати.

Законот е краток. Има само 12 членови, јасен е, но во дискусијата, покрај мојата поддршка ќе изнесам и одредени забелешки со кратко образложение по истите.

Повеќе од неспорно е дека со предложениот текст на законот се регулира една суптилна материја во располагањето со Станбениот фонд на поранешната ЈНА, на која, во изминатиот период, како општествен имот државата стана титулар на сопственоста. А, за која што, при продажбата се применуваа двојни мерила што произлегуваат од минатиот закон за станбено обезбедување во ЈАН “Службен лист на СФРЈ” број 84/90, преземен и применуван со Уставниот закон како републички пропис и Законот за продажба на становите во општествена сопственост.

Повеќе од неспорно е дека и на останатиот мал број корисници на тие станови, околу 134 треба да им се даде право да ги купат под поволни услови, онака како што им е овозможено на оние скоро 3000 корисници, кои во периодот од 1991 до 1992 година ги откупија становите по поволни услови.

Значи, со цел за надминување на состојбата за решавање на станбеното прашање на воените и цивилните лица во служба во ЈНА, кои се вратија во Република Македонија, со овој предлог на закон се дава можност да по пат на продажба на овие станови од Станбениот фонд на поранешната ЈНА, односно станови што биле доделени на користење за службени потреби под повластени услови, како и при продажбата на становите во општествена сопственост да се

обезбеди примена на начелото на правичност и еднаквост на сите граѓани пред Уставот и законит.

Кон Предлогот за донесување на овој закон мора да се има предвид дека предмет на негово регулирање е недвижен имот во државна сопственост. Значи, недвижности и права со кои се стекнуваат лица вработени во Министерството за одбрана, АРМ и лица кои се стекнале со право на пензија во овие институции. Овие лица немаат ист статус, а за истите се предвидуваат исти права.

Имено, лицата вработени во Министерството за одбрана можат да бидат лица кои имаат статус на воено лице или на цивилно лице, на кое му е доделен стан за службена употреба. Додека лицето во активна служба во АРМ има исклучиво статус на воено лице односно стекнато право на пензија во врска со работен однос во Министерството за одбрана односно во АРМ.

Предлагачот на законот, што произлегува од текстот на законот, член 3, регулира дека правото да го купи станот, доделен со решение за службени потреби, се стекнуа доколку во моментот по стапувањето на сила на овој закон корисникот е во работен однос во Министерството за одбрана, во АРМ или се стекнал со право на пензија во овие две институции. Оттука произлегува дека, стан доделен за службени потреби на цивилно лице вработено во Министерството за одбрана, на кое од разни причини му престанал работниот однос во Министерството, а не се стекнал со право на пензија, го губи правото да го откупи станот. Односно или треба да го предаде станот или треба да склучи договор за закуп.

Сметам дека членот 3 треба да се корегира, односно правото треба да се прошири и на брачниот другар, односно децата на починат корисник. Затоа што, на пример, може да се случи во рок од 90 дена, предвиден во член 6, откако ќе се поднесе барањето до Комисијата за спроведување на постапката за продажба на становите корисникот, тоа се случува, може и да почине. Животот е непредвидлив.

Од тие причини предлагам не само корисникот, туку и членовите на потесното семејство да се јават како баратели за откуп на станот. Се разбира, ако ги исполнуваат потребните услови.

Ова е накратко моето видување по овој предлог на зако што во основа го поддржувам и ќе гласам за истиот, но сметам дека моите забелешки во вид на амандмани ќе бидат прифатени.

Благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Благодарам.

Има збор госпоѓата Ивановска Лилјана.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Благодарам потпретседателе.

Почитуван потпретседателе, дами и господо пратеници, почитуван министре, претставници на Владата,

На почетокот од мојот коментар во врска со Законот за продажба на станови во државна сопственост што потекнуваат од Станбениот фонд на поранешната ЈНА ќе истакнам дека овој закон требаше многу порано да се донесе или пак да се интервенира со измени во постојниот Закон за продажба на општествени станови, со кои ќе беа вклучени и оваа категорија на станови кои според бројот во Образложението, изнесуваат 134 станови.

Од 1996 година корисниците на овие станови беа во нерамноправна положба во однос на оние корисници на државни станови кои имаа законска можност за откуп. Правните пречки за откуп на овие станови настанаа со одлуките на Уставниот суд а РМ за укинување на Правилникот за откуп на становите од Станбениот фонд на ЈНА, Законот за станбено обезбедување во ЈНА и Уредбата за начинот и условите за продажба. Корисниците на овие станови седум години се изложени 7 години на шетање по институциите, барање решение за својот проблем со силно чувство на правна несигурност и неправда.

Тргнувајќи од фактот дека правото на домување е едно од основните човекови права, овој закон треба да обезбеди максимална заштита на правото на откуп и правото на закуп на станот за корисниците на овие станови и членови на нивното потесно семејство.

На комисиската расправа на Комисијата за транспорт и врски беше едногласно утврдена потребата за интрвенција во текстот на законот. На мој предлог, во член 3 треба да се овозможи право на потесното семејство за откуп на станот доколку корисникот на станот во меѓувреме починал. Ваквата интервенција е во функција на заштита на семејството. За таквата измена говореше и колешката Емилија Костадинвоа за интервенција во член 3 со амандманот што го предлага. Апелирам овој амандман да го поддржат другите пратеници.

Другата интервенција е во член 10 од законот каде што се предлага да се брише “до престанокот на работниот однос во Министерството за одбрана и Армијата во РМ” од причини што правото на закуп не треба да се условува со правото на работен однос, од причини што, ако на лицето му престанал работниот

однос не треба да му престане правото на закуп на станот, со што овие лица можат да бидат доведени во двојно неповолна состојба.

Овие интервенции се прикажани во амандманите поднесени од Комисијата за транспорт и врски и апелирам да бидат прифатени или изгласани.

За членот 5, лично сметам дека продажбата може да ја спроведе и Постојната комисија за станбени прашања при Владата на РМ и нема потреба од формирање нова комисија за транспорт и врски што ја раздолжува и усложнува постапката.

Во оваа можност сакам да го искажам и моето мислење за категоријата станови за службени потреби на државата. Бидејќи ваквите станови служат за службени потреби на лица кои вршат државни функции, потребно е тие станови да се исклучат од секаква продажба, секаков вид на продажба на лицата корисници, од причини што во минатото имаше чести случаи на прогласување на службените станови за државни, а со тоа продавање под бенефицирани услови, со високи дисконти, продажба во готово и секогаш државните служби имаат недостиг од станови за службени потреби.

Доколку Владата во иднина одлучи да откупува од градежната оператива и гради станови за службени потреби, при носењето на одлуката за ваквиот вид на станови да ги исклучи од секаков вид на продажба на корисниците на службени станови во интерес на заштита на државните пари.

Во оваа прилика, исто така сакам да констатирам дека во РМ постои недостиг на станови и за голем број на граѓани станов претставува само убав сон. Оваа тема секогаш ќе биде актуелна и за граѓаните и за Владата и за нас пратениците.

Министерството за транспорт и врски и Владата во целина треба да посвети поголемо внимание на станбената политика во државата и поттикнување на станбената изградба и на социјална и на комерцијална основа. Во светот успешно функционира доминантен модел на домување со стан под кирија, но со тоа што месечната закупнина не смее да изнесува повеќе од 1/3 од месечниот приход на закупецот. Ваквото решение е поевтино и за граѓаните и за државата но бара темелно истражување и изготвување  на станбена политика  и стратегија од страна на Владата.

Станбената проблематика бара поширока расправа заради обемноста, чувствителноста и комплексноста на проблемите сврзани со  домувањето, изградбата на станови и затоа мојата дискусија ќе ја завршам тука.

Донесувњето на овој закон го поддржувам и пратеничката група на ЛДП ќе гласа за овој закон.

АГРОН БУЏАКУ:

Благодарам госпоѓо Ивановска.

Има збор господин Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине потпретседателе.

Колеги пратеници,

Пред нас имаме еден закон што требаше да биде донесен многу порано, затоа што овие 134 сопственици по било кој начин требаше да ги добијат овие станови, т.е. да ги купат, а сега ќе бидат во понеповолна положба од своите колеги што ги добија по Законот за станбено обезбедување во бившата ЈНА. По овој закон многу од вработените во тогашната ЈНА, по завршувањето на проценката истите станови ги добија бесплатно, а за некои од нив дури им се вратени и финансиски средства.

Истото тоа се случи и во времето на владеењето на СДС, значи од 1994 до 1998 година кога се продаде скоро вкупниот фонд на станови во општествена сопственост, во јавните претпријатија и општествените установи и тоа по некои багателни цени од 1500 до 2000 германски марки и со самото тоа граѓаните и вработените во РМ се доведоа во нерамноправна положба, затоа што сите тие одвојуваа средства за станбен фонд и изградба на нови станови, но некои после 40 години работа останаа без работа и без станови, а некои блиски до СДС и среќни при добивањето на становите, сега имаат станови со вредност од 50 до 80 иљади марки. Некои од нив во меѓувреме и ги продадоа, создадоа капитал што обичниот човек тешко можде да го стекне. Но, тоа е некое минато време.

Само она што е вистина е сегашноста и така беше се до 1996 година, кога со одлука на Уставен суд на Република Македонија е укинат правилникот за откуп на станови од станбениот фонд на ЈНА. По укинувањето на овие прописи 1996 година продажбата на овие станови ќе продолжи согласно критериумите и условите на Законот за продажба на станови во општествена сопственост. Во истата година на 17.04.1996 година Владата на СДСМ без никаква парламентарна опозиција донесува забрана за продажба на останатите 134 станови и им дава статус на станови за службени потреби, без да може да се продаваат. По ова, овие станови со одлука на Владата од 16.05.1998 година, значи повторно СДСМ, за нив сите ингеренции за прераспределба ги превзеде Комисијата за станбени прашања на

Владата на Република Македонија. Значи останаа 134 луѓе кои не можеа да ги остварат своите права да ги откупат становите и под било кој услов. Сега се донесува закон со кој ќе се проба да се реши овој проблем и покрај тоа што ова колку јас сум запознат, требаше да биде завршено некаде во мај 2002 година, но еве и до крајот на 2002 година и покрај сите проверки и контроли кој ги направи Комисијата на Владата не се постигна реализација на истото, но еве сега пред нас ни се нуди закон за решавање на овој проблем.

Мојата забелешка која ја изнесов и на самата Комисија за кој беше даден амандман и на член 10, можеби изгледа хипотетична, но во сегашното време на живеење во оваа безизлезна ситуација која ја нуди оваа Влада се поставува прашање, што ако во овие 90 дена до донесувањето на законот одредени лица го изгубат работното место, а со тоа моментално го губат и правото на закуп на стан и правото да можат да извршат купување на стан. Така да со овој амандман се трудиме да ги заштитиме луѓето кој на ваков начин можат поради лични хирови некого да остават на улица, како што останаа во многу јавни претпријатија во Електростопанство на Македонија, во службената администрација и во другите фирми. И во овој ист член ако во рок од 90 дена се поднесе барање за купување на стан, станарите го губат правото на откуп на станот и имаат станарско право додека се на служба во Армијата и МВР. Со престанокот или пензионирањето треба да го напуштат станот. Бев уверен од Комисијата и претставниците од Министерството за одбрана дека не постои ни хипотетичка можност некој да не биде известен за овој закон и да не аплицира за станот.

Јас и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе гласаме за овој закон но мислиме дека повторно не се лицата во рамноправна положба со останатите што ги остварија правата пред нив.

АГРОН БУЏАКУ:

Благодарам г. Мавровски.

За реплика се јавува господинот Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас внимателно го слушав г. Спиро Мавровски, бидејќи тој хронолошки ги спомнуваше годините и јас дојдов до едно фрапантно сознание дека Македонија како суверена независна држава е само 8 години. Некаде 4 години на владеење на нечија власт и владеење воопшто не е спомнато, бидејќи проблемот кој што го набројуваше пратеникот и до ден денес се обидува прв пат да се решава. Само

толку. Во иднина кога ќе ги набројува годините сепак некој години да не скратува и да не прерипува.

АГРОН БУЏАКУ:

Благодарам г. Јордановски.

За реплика на реплика се јавува г. Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине Јордановски, јас се обидов повторно да не заборавате, мислам дека тоа е многу свежо во вашите сеќавања дека и во тие 4 години вие бевте коалиционен партнер на Владата на г. Георгиевски, а министер беше сегашниот министер кој во мај месец 2002 година требаше да ја заврши таа работа со негов потпис и е завршена работа. Токму поради тоа мислам дека господинот Бучковски ќе го даде тој одговор и затоа мислам многу брзо заборавате за нешто што се случи пред една година. Ова другото што го кажав мислам дека е се точно тие 4 години на владеење без парламентарна опозиција се случија сите овие работи точно како што се наведени. И приватизација и продажба на станови и сите претпријатија што сега ги имаме независни. А за ова мислам дека г. Бучковски е најмеродавен, а сигурно е дека ги има и документите да каже што се случило во тие две години. Ако веќе не заборавивте дека беше косовската криза и војната.

Благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Благодарам г. Мавровски.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за продажба на станови во државна сопственост, кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешната ЈНА.

Пред да ве повикам да гласаме, јас мислам дека немаме кворум за гласање и ги повикувам сите пратеници кои се во зградата да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Ги молам службите да ги избројат присутните пратеници во салата.

Имаме повеќе од 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме по предложениот заклучок.

Од присутни 67 пратеници гласале 65 од тие 63 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 67 пратеници гласале 63, сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претреси и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Комисијата за транспорт и врски и екологија поднесе амандмани на член 3 за додавање нов став 2 по ставот 1 и на членот 10.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 3 во воведната реченица, член 5 став 1 и 2, член 6 став 2, на член 10 и на член 11.

Пратеникот Емилија Костадинова поднесе амандмани за менување на член 3, член 5 став 1 и 4, член 6 став 1 и 2, член 7 за менување на став 2 и на член 10 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од Комисијата за транспорт и врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

АГРОН БУЏАКУ:

Отворам претрес по амандаманот на член 10 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

АГРОН БУЏАКУ:

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Мислам дека и на Комисијата се донесе тој заклучок за амандман на член 10. Точно за ова што беше претставено дека луѓето кои што во овие 90 дена по донесувањето на законот, ако го изгубат работното место, ги губат и сите права за закуп на станот и правото да можат да извршат купување на станот. Значи, ако во овие 90 дена некој поради хир или било што од оние старешини си дозволи било кој од овие вработени да добие отказно решение, едноставно со отказот не само што ја губи работата, туку го губи и станот. Мислам дека токму за тоа расправавме на Комисијата и сите заеднички донесовме заклучок дека тоа е правото нешто што не смее да се дозволи во овие три месеци, гледајќи што се случува во сите јавни претпријатија и сега како делува Владата јас можам да се сомневам дека има задни намери во случајот некој може да остане и без стан, да се добијат станови на ваков многу лесен начин, а луѓето да останат и без работа и без стан.

Затоа мислам дека Владата треба да го прифати овој амандман, ако не Владата, тогаш пратениците треба да го изгласаме, бидејќи на Комисија беше едногласно прифатен од сите.

АГРОН БУЏАКУ:

Има збор господинот Томе Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Почитуван потпретседателе, во својство на инвестител на Комисијата не се јавив, бидејќи ист ваков соодветен амандман има и Законодавно-правната комисија, така да тој амандман е доста попрецизен и ја третира истата материја. Затоа тоа е и одговорот на господинот Мавровски.

Јас како претседател,нормално инсистирав овој амандман да се прифати меѓутоа, посоодветен, попрецизен е на Законодавно-правната комисија.

АГРОН БУЏАКУ:

Дали во однос на тоа што е речено вие го повлекувате амандманот.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Бидејќи амандманот може да го повлече само претседателот, но по ова објаснување дека Законодавно-правната комисија има прав амандман, тогаш е во ред. Се третира истата материја.

АГРОН БУЏАКУ:

Дали претседателот на Комисијата се произнесува да го повлече амандманот.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Во име на Комисијата, доколку Комисијата се согласува, јас го повлекувам аманданот и му давам предност на амандманот на Законодавно-правната комисија.

АГРОН БУЏАКУ:

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 во воведната реченица поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

АГРОН БУЏАКУ:

Констатирам дека амандманот стана составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 и 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

АГРОН БУЏАКУ:

Констатирам дека амандманот стана составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

АГРОН БУЏАКУ:

Констатирам дека амандманот стана составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Овој е амандман за кој претходно говоревме и номотехнички е попрецизен овде и затоа го прифаќаме.

Амандманот се прифаќа.

АГРОН БУЏАКУ:

Констатирам дека амандманот стана составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

АГРОН БУЏАКУ:

Констатирам дека амандманот стана составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 3 поднесен од пратеникот Емилија Костадинова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

АГРОН БУЏАКУ:

Дали некој бара збор по овој амандман?

Има збор госпоѓа Емилија Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Благодарам господине потпретседателе.

Измените во членот 3 ги предложив, односно амандманот, од причина што во Предлог законот за продажба на станови во државна сопственост кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешната ЈНА не е предвидена можност со стапувањето во сила на овој закон како наследно право од починат корисник, барање за откуп на станот да може да поднесе член на потесното семејство на корисникот со кој што тој живеел во заедничко домаќинство, ако ги исполнува условите пропишани со овој член.

Доколку не се изменат овие одредби може да дојде до тешкотии во примената на законот бидејќи членовите на семејното домаќинство немаат статус на вработени во Министерството за одбрана, во Армијата на РМ или пензионирани лица од овие институции, туку тоа право го изведуваат како наследници на корисникот кој се стекнал со тоа право.

АГРОН БУЏАКУ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Молам уште еднаш службите да пребројат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Во салата се присутни 68 пратеници.

Од 68 присутни гласале 59 пратеници, за гласале 15, воздржани 8, против 6.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 3, поднесен од пратеникот Емилија Костадинова.

АГРОН БУЏАКУ:

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 и 4 поднесен од пратеникот Емилија Костадинова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

АГРОН БУЏАКУ:

Молам, дали некој бара збор?

Има збор госпоѓа Емилија Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Почитуван потпретседателе, министри и претставници на Владата,

Измената во членот 5 став 1 ја предложив поради тоа што предлагав правото да се прошири не само на корисникот, туку и на членовите на семејното домаќинство, на починат барател кој што се стекнал со право да го купи станот.

АГРОН БУЏАКУ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, од кои за 22, воздржани 8 и 31 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 став 1 и 4 поднесен од пратеникот Емилија Костадинова.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Емилија Костадинова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

АГРОН БУЏАКУ:

Молам, дали некој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам уште еднаш службите да утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците во салата)

Значи од присутни 68 пратеници во салата гласале 56.

За гласале 5, воздржани 15 и против 57.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Емилија Костадинова.

Отворам претрес по амандманот  на член 7 за менување на  став 2 поднесен од пратеникот Емилија Костадинова

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

АГРОН БУЏАКУ:

Молам, дали некој бара збор?

Има збор госпоѓа Емилија Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Договорот за продажба на станот се склучува меѓу барателот и Владата на Република Македонија претставувана од Министерството за транспорт и врски или од него овластено лице. тоа е суштината.

АГРОН БУЏАКУ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Констатирам дека во салата има 64 пратеници иако гласале само 53.

За гласале 10, воздржано 10 и против 33.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 за менување на став 2 поднесен од пратеникот Емилија Костадинова.

Ги молам присутните пратеници да гласаат, или службите да проверат дали има некоја картичка. Ние заклучивме дека има 68 пратеници, за да не броиме цело време.

Отворам претрес по амандманот на член 10 поднесен од пратеникот Емилија Костадинова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

АГРОН БУЏАКУ:

Молам, дали некој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Значи за амандманот гласаа 63 пратеници

Против гласаа 37, воздржани 13 и за 13.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 поднесен од пратеникот Емилија Костадинова.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Значи, за предлогот на законот гласаа 66 пратеници, 1 против и двојца воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за продажба на станови во државна сопственост кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешната ЈНА.

Минуваме на точка 3 Предлог за донесување на законон за прогласување на локалитетот “Локви - Големо Коњаре” за строг природен резерват, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештајот на Комисијата за транспорт, врски екологија и дописот на Законодавно-правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на Законот.

Има збор г-динот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас сакам да ја искажам поддршката на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за донесување на овие закони, со тоа што сакам да апелирам да се прифатат

амандманите на Комисијата за транспорт и врски и екологија со цел да може да се конкретизира овој закон.

Во членот 3 воопшто не беше предвиден рок за пропишување на мерките, а со овие амандмани не е предвиден ниту видот на актот кој што треба да се донесе, меѓутоа, согласно Законот за општауправна постапка ќе го изврши министерот.

Второ, она што сеуште не е решена и кое што навистина ќе претставува проблем за практична примена на овој закон, а тоа е наоѓањето на субјект кој што ќе стопанисува и ќе го заштитува овој простор.

Значи, се работи за специфичен простор и тој треба да биде соодветно заштитен. треба да биде изнајден субјект кој што ќе стопанисува со него и ќе се грижи за неговата заштита и за сите видови на организми кои претставуваат спецификни видови. Значи, пример за ваков субјект е начинот на кој е решено прашањето со заштитата на резерватот "Езерани" каде што управува друштвото за заштита на птиците на Република Македонија и сметам дека со овој закон, или веднаш  по влегувањето во сила на овој закон треба да се одреди субјект кој ќе се грижи за вистинска заштита на овој простор.

АГРОН БУЏАКУ:

Има збор г-ѓа Соња Лепиткова.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Почитуван потпретседателе на Собранието, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Би сакала во овој момент да ја искажам и мојата неподелена поддршка во однос на предлозите на закони кои доаѓаат од ресорното министерство за заштита на животната средина и просторно планирање, а кои што се однесуваат на заштитата на нашите природни реткости односно на заштитата на биолошкиот диверзитет, разноликоста на биоценезата, а во конкретниот случај за заштитата на водовите цируцеса лус палегоникус и тенамастикс стагналис.

За мане како пратеникот кој што се занимава со проблемите на заштита на животната средина особено се важни вакви иницијативи, кои во крајна линија ќе доведат до тоа да на генерациите кои доаѓаат по нас им оставиме животна средина со зачувани изворни елементи во поглед на биолошката разновидност како придобивка во поглед на се повеќе индустријализираниот простор.

Почитувани пратеници, иако Република Македонија има мала територија таа како таква изобилува со поголем број на ендемички биолошки видови типови кои во

основа го чинат просторот на Македонија многу интересен за истражувачки активности во делот на природните науки. Од тој аспект напорите треба да бидат насочни во правец на афирмација на нашите природни реткости во поширոката меѓународна заедница, како би можеле на таа иста меѓународна заедница и да ја претставиме нашата неподелена определеност кон зачувување на амбиенталните вредности како придобивки на културната афирмација во сверата на природното наследство.

Сепак, јас би сакала во оваа прилика да го охрабрам ресорното министерство за заштита на животна средина и просторно планирање да продолжи и понатаму со оваа активност во поглед на заштита на нашите природни реткости ако наша културна и цивилизациска придобивка и во некој нареден период да предложи закон кој би се однесувал на заштита на геодивирзитетот.

Тоа го зборувам затоа што во РМ постојат поголем број на примери кои се класифицираат како геолошки  реткости и кои како такви секако заслужуваат посебен третман и внимание од страна на ресорното министерство.

Затоа јас и пратеничката група на ЛДП ќе гласаме позитивно по предлозите за донесување на закон за прогласување на локалитетите “Локви- Големо Коњаре” и “Плоче-Литотелми” за строги природни резервати и секако ќе дадеме недвосмислена поддршка во тој правец.

(Господинот Абдулади Вејсели бара збор процедурално)

АГРОН БУЏАКУ:

Повелете.

Има збор г-динот Абдулади Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Јас барам збор процедурално.

Почитиуван потпретседател, почитувани колеги и колешки пратеници.

Прво, во мое лично име и во име на партијата на која што припаѓам, ПДП изразувам желба од оваа говорница на сите граѓани муслимани да им го честитам празникот Рамазан  со многу љубов меѓу луѓето, со меѓусебна хармонија и со долг живот за тие што припаѓаат на оваа конфесија.

Од друга страна разбрав дека денес претседавачот на седницата заклучил дека ќе се работи до 16,00 часот. Јас имам предлог кој предлог ќе има поддршка од сите пратеници, затоа што овој месец не е секој месец туку е само еден месец во годината и го празнуваат, кој што припаѓа на голем број на населението кое што живее во Македонија, затоа што голем број на граѓаните на РМ се на муслиманската

припадност па предлагам и барам поддршка од сите овој месец на Рамазан парламентот да не работи воопшто. . .

(Реакција на пратениците во салата)

Имам уште една реченица.

Немојте лошо да ме разберете, ги гледам реакциите на пратениците македонци, меѓутоа не е добро. Мислам дека реков дека не е секој ден Рамазан, еднаш во годината е, меѓутоа, ако нема добра волја да не се работи, значи и вие да се солидаризирате со нас, тогаш барем работното време да биде малку поскратено. Да немаме пауза за ручек да работиме до 14,00 часот и да се ослободиме, затоа што има пратеници кои што треба да се вратат во Струга до 16,30. Од 14 до 16,30 тој може да стигне во Струга, додека од 16 до 17 не може. Само оние што сме од Тетово и Куманово можеме да стигнеме, додека другите немаат можност да стигнат.

Затоа е добро да го разгледате како претседателство на Парламентот и да одлучите или да не се работи, тоа ќе биде многу добра одлука, меѓутоа, ако одлучите да се работи, ако нема волја и разбирање од другите политички партии кои се македонци за да не се работи, тогаш нека биде со скратено работно време поради можноста сите да го вкусиме овој празник што го имаме овој месец.

АГРОН БУЏАКУ:

Благодарам за предлогот.

Јас ќе му пренесам на претседателот и на мојата колешка, како и на координаторите па ќе го разгледаме и ќе донесеме одлука како да постапиме во врска со вашиот предлог.

Продолжуваме со седницата.

Молам, дали некој бара збор?

За збор се јави г-динот Драгољуб Матовски, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

ДРАГОЉУБ МАТОВСКИ:

Пред се благодарам на поддршката која ни е укажана, а воедно и на сугестиите кои беа дадени во однос на примената на законот.

Она што беше укажано за рокот зошто не е во законот сакам да укажам дека тоа беше свесно направено од еден аспект. Во процедура се основните закони за заштита на животна средина, како да истите од овој месец ќе бидат во Владина процедура, а очекуваме во парламентот да завршат со процедура во април-мај месец. Така да не сакавме да се зафаќаме со одреден рок,  на Комисијата веќе е прифатен рокот, тоа не ја намалува можноста за спроведување на Законот и таа

сугестија ја прифаќаме, дури и укажувањата за стопанисувањето со резерватот “Езерани”. Последиците од таквото стопанисување навистина укажуваат дека во наредниот период треба да се најдат субјекти кои ќе стопанисуваат согласно можностите, но и согласно потребите на овие резервати.

Бидејќи има целосна поддршка на законот јас не би сакалл да имам дополнително образложение бидејќи истото го имате во самиот материјал.

АГРОН БУЏАКУ:

Во меѓувреме забележав дека некои пратеници, иако беше очигледно дека веќе нема дискутанти и ќе одиме на гласање, ја напуштија салата. Молам уште еднаш да се вратат. Јас се сомневам дека има кворум, но сепак би ги замолил службите да го утврдат точниот број на пратеници присутни во салата.

(По пребројувањето од страна на службите).

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за прогласување на локалитетот “Локви-Големо Коњаре” за строг природен резерват.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Морам да констатирам дека претходното броење без да дојдат други пратеници покажа дека во салата има 65 пратеници, во меѓувреме дојдоа и други, што значи дека имаме кворум за полноважно гласање.

Гласале 60 пратеници, за гласале 58 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикува да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 67 пратеници, од кои 66 за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за транспорт, врски и екологија поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот и на членовите 1, 2 и 3 и на член 3.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот и на членовите 1, 2 и 3, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДРАГОЉУБ МАТОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

АГРОН БУЏАКУ:

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на насловот на Предлогот на законот на членовите 1, 2 и 3, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДРАГОЉУБ МАТОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

АГРОН БУЏАКУ:

Значи амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 3, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 64 пратеници, за предлогот гласале 63 пратеници и 1 гласал воздржано.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за прогласување на локалитетот “Локви-Големо Коњари” за строг природен резерват.

**Преминуваме на четврттата точка од дневниот ред -** Предлог за донесување на закон за прогласување на локалитетот “Плоче-Литотелми” за строг природен резервоар, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и Извештајот на Комисијата за транспорт врски и екологија и дописот на Законодавно-правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за прогласување на локалитетот " Плоче-Литотелми" за строг природен резерват.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Гласале 63 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 65 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за транспорт, врски и екологија поднесе амандман на член 3.

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од Комисијата за транспорт , врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникто на Владата да се произнесе.

ДРАГОЉУБ МАТОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

АГРОН БУЏАКУ:

Констатирам дека амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 66 пратеници, од кои 65 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за прогласување на локалитетот “Плоче-Литотелми” за строг природен резерват.

**Преминуваме на Петтата точка од дневниот ред** - Предлог за донесување на закон за стоковни резерви, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, дописите на Комисијата за финансирање и буџет и на Законодавно-правната комисија и Мислењето на Владата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван господине потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата на Република Македонија ,

Извршувањето на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, која Република Македонија ја има потпишано со Европската унија, претставува пред се еден многу одговорен и сложен процес, процес на извршување на многубројни задачи и во таа насока, во најголем дел, пред се, се оптоварени промените во она што претставуваат законските норми и воопшто целиот процес на хармонизација на македонското законодавство со законите на Европската унија. Најневралгична точка во целиот тој процес на усогласување не само на законската легислатива на Република Македонија , туку воопшто и начинот на размислување и начинот на живеење со политичкиот, правниот и економскиот систем на Европската унија претставува улогата на државата, конкретно кај нас улогат ана македонската држава при разрешување на тековни и посериозни или пак проблеми кои се поврзани со елементарни непогоди, несреќи, војни и слично.

Македонската држава во периодот на осамостојувањето на Република Македонија во најголем дел во улогата на државата го немаше дефинирано начинот кој претставуваше соодветно би рекол интервенирање на државата со мерки и инстументи кои навистина би значеле државна помош, туку во најголем дел на случаи се дејствуваше палијативно, секогаш со полемични дебати дали тие интервенции на државата помогнале за развојот на пазарната економија, дали тоа биле конзервативни методи или пак биле либерални методи и на таков начин секогаш бевме во некоја недоумица за што се работи и дали макеоднската држава

навистина тоа што го презема при интервенции во разрешување на одредени проблеми, при откуп на земјоделски производи, при несреќи или при она што не задеси 1999 година, Косовската криза, војната 2001 година, навистина со своето дејствуање помогнала во целокупниот процес на општествено економско живеење и зајакнување на македонската држава или пак одмогнала. Една од причините за таквиот нерегулиран статус на макеоднската држава беше и застарениот Закон за стоковни резерви од 1987 година, првиот од Социјалистичка Република Македонија и надградениот од 1993 година во независна, суверена и самостојна Република Македонија , закони кои сепак своето извориште го црпеа од поранешниот начин, од Југословенската доктрина на решавање на проблемите со стоковните резерви и во најмала рака беа безнадежно застарени закони кои велам извориштето го црпат од еден друг систем, методологијата на размислување и решавање на проблемите произлегуваа од таму и оттука најчесто доаѓаа и дилемите зошто стоковните резерви на Република Македонија воопшто, институциите на системот кои со тоа се занимаваат, порано Министерството за стопанство на Република Македонија , подоцна Министерството за финансии, Дирекцијата за стоковни резерви односно подоцна Бирото за стоковни резерви на Република Македонија преземаа најчесто несоодветни годишни програми, несоодветни мерки и инстументи кои што ги практикуваа во извршувањето на она што претставува основна задача, цел и дејствување на Бирото за стоковни резерви.

Тоа се причините заради кои што ние тројца предлагачи од опозиционата партија ВМРО-ДПМНЕ предлагаме со Предлог на закон решенија во сферата на стоковните резерви на државата Република Македонија . Значи, еден нов вид на третирање на стоковните резерви, дефинирање што се тоа стоковни резерви, како се снабдува државата со стоковни резерви, како се формираат тие стоковни резерви, во кои случаи доаѓа до употреба на стоковните резерви, кои механизми се практикуваат, кои институции и државни органи учествуваат во донесувањето на прописите во делот на стоковните резерви и на крајот круцијалното, институциите, Бирото за државни стоковни резерви и Фондот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати претставуваат двата основни инстументи на севкупната политика, преточена преку Законот за стоковни резерви кои ќе се грижат за посоодветен начин на разрешување на проблемтие кои настануваат при поголеми пазарни турбуленции ширум Европа или Балканот, кои ја тангираат Република Македонија во услови на елементарни непогоди или војни и на таков начин имаме еден сеопфатен комплетен приод, усогласен со директивите на Европската унија, она што претставува да

речеме тренд на разреување на проблемите во одредени кризни состојби, економски кризни состојби, политички кризни состојби или воени кризни состојби во Европа и фактички овој Закон на некој начин претставува своевидна компилација на директивите на она што значи во “офишл цернофов ивропијан комјунити” и она што претставува тековна пракса и тековна политика на Европската унија, односно членките на Европската унија.

На ваков начин образложени целите, причините, методологијата и начинот на кој што се разрешуваат проблемите при формирањето на стоковните резерви, начинот на кој што тие се обновуваат и на кој тие се делат, неминовно ќе биде - се надевам после вашето изјаснување да го донесеме овој закон - да има уште еден закон кој е би рекол норматив за проблематиката на учеството на државата во економските текови и воопшто во општествено-економското живеење. Тоа ќе биде законот за државна помош, кој ќе следи едно по друго и кој како закон треба да помогне конечно за дефинирање на улогата, значењето и функцијата на државата и нејзините ингеренции кога таа се вплеткува во општествениот живот. Овие два закона, Законот за стоковни резерви и Законто за државна помош ќе бидат фундаментите кои ќе ја штитат здравата конкуренција во државата, ќе ги штити основите на пазарното стопанисување, а на своевиден начин државата ќе има свое учество во моментите , а тие моменти не се така ретки, ќе набројам само неколку аспекти: Република Македонија беше повеќекратно соочена со многубројни проблеми, ембарго од Република Грција кон нашата држава, ембарго од Обединетите нации кон тогашна СР Југославија, сега Србија и Црна Гора, проблеми со дотур на нафта, проблеми со дотур на храна и тогаш државата мора, и покрај декларираната определба за пазарна економија, својот државен механизам да го впрегне во функција на интересите на граѓаните на Република Македонија . Отука, на ваков начин, модерен закон, закон кој во себе вклучува и одредби во најголем дел препишани од службените весници на Европската унија или од земјите членки на Европската унија кои претставуваат дел од таа Европска унија, закон кој што овозможува на поинаков начин да се третира улогата на државата, закон кој што ќе биде дополнет со Законот за државна помош. Сето тоа се атрибути кои овозможуваат овој закон, се надевам, да добие ваша подршка и во иднина со предложениот закон за државна помош комплетно да ја дефинираме улогата, значението и функцијата на стоковните резерви и државната помош во Република Македонија .

АГРОН БУЏАКУ:

Пред да продолжиме, јас би го прашал господинот Ѓорчев дали зборуваше и како претставник на предлагачите заради процедурални причини.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Да.

АГРОН БУЏАКУ:

Има збор господинот Зоран Заев.

ЗОРАН ЗАЕВ:

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Денес на дневен ред имаме Предлог за донесување на закон за стоковни резерви, поднесен од група пратеници, односно поднесен од опозицијата. Во последно време во Парламентот се случува постојано една иста работа, кога одреден предлог на закон е во Владина процедура или Владата го дава во парламентарна процедура, опозицијата, поточно ВМРО-ДПМНЕ излегува со совој предлог на закон, со содржина најчесто мелем за душите на електоратот, притоа неводејќи грижа дали тој закон е применлив, односно дали во нашата држава постојат услови одредени општествени текови да бидат ставени во одредена нормативна рамка.

Тргнувајќи од фактот дека програмата на Владата е достапна за јавноста, а од друга страна знаејќи дека вие, почитувани колеги, од опозицијата преку ваши блиски луѓе од министерствата лесно доаѓате до информации за тоа што и како се подготвува, оставате впечаток дека сакате нешто да украдете, дека сакате некого да претрчате, односно сакате пред јавноста да се претставите дека вие сте тие кои мислите за оваа држава, демек Владата не знае што да работи, па вие како конструктивна опозиција ќе ги водите тековите во државата. Ова навистина заслужува една минимална преодна оценка на тема - основи на политички маркетинг. Дека тоа е така, ќе ви појаснам со следниве факти.

Во моментот во владина процедура е Предлог на закон за стоковни резерви, кој го работи Министерството за финансии, а вие излегувате со свој Предлог на закон, при што сакате да постигнете ситуација за која пред малку зборував. Но овде се поставува и едно друго прашање. Зошто овој закон не беше ставен на дневен ред, односно не беше донесен од претходното парламентарно мнозинство, кое што беше на ВМРО-ДПМНЕ? Одговорот е следен.

Прво, во времето на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ овој закон се најде во владина процедура, но несогласувањата од страна на еден министер од тогашната

Влада доведоа до тоа овој закон тогаш да не добие владина виза и не се најде на Парламентарно разгледување. Значи, постоеле политички причини за недонесување на овој закон.

Второ, недонесувањето на овој закон од претходната власт се должи на тоа што одредени негови делови не кореспондираат со постоечката состојба во државата, односно ќе наведам еден пример. Управувачите со стоковните резерви тогаш би требало да бидат ограничени во широчината на можностите при управување со таквите резерви, доколку се донесе овој закон.

Значи, во времето кога бевте на власт не можевте да го усогласите текстот на законот со постоечката реалност во земјата и не го донесовте законот, а сега како конструктивна опозиција го предлагате истиот закон и барате политичка подршка барем во делот на изгласување на истиот.

Покрај ова што досега го зборував, сакам да изнесам и неколку ситуации кои според мене се пропусти во предложениот закон, а еден таков закон не смее тоа да си го дозволи.

Прво, во делот на набавката на стоковните резерви, конкретно, што би се случило кога одредени стоки ги нема во моментот во Република Македонија, а претставуваат основна содржина на стоковните резерви.

Второ, нецелосно се дефинирани можностите и начините на обезбедување на складишни простори за стоковните резерви.

Трето, во делот на користење на стоковните резерви, во услови на посебни пречки и нестабилности на пазарот, не се предвидени посебни мерки за да се ограничи државата, да не овозможи посебни пазарни поволности за одредени субјекти на пазарот.

И четврто, мислам дека треба да се направи и обид, барем да се дефинира бројот на стоките кои би влегле во рамките на стоковните резерви и уште многу сугестии.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Поради причините кои ги наведов во првиот дел од дискусијата и поради тоа што предложениот закон не ја опфаќа целата материја за која се однесува јас ќе гласам против овој закон.

Благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Реплика госпоѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван колега Заев, јас мислам дека вие упорно од 15-ти септември наваму заборавате дека ВМРО-ДПМНЕ не е позиција, туку опозиција. Значи, да расчистиме со тоа дали бил стар закон, дали бил нов закон, ние како пратеници имаме право, вие апсолутно немате право да барате од пратениците да не поднесуваат законски проекти.

Ја имате Владата, но тоа не значи дека Владата мора само таа да ги дава законските проекти.

Уште еднаш да потврдам и да потенцирам дека ВМРО-ДПМНЕ е сега опозиција. Тоа што било, било, останува на вас да видиме вие како ќе излезете, дали ќе биде со закон за стокови резерви, дали ќе биде со закон за државјанство предложен од Владата, јавноста и пратениците тоа ќе можат да го видат.

Благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Реплика на реплика од една минута на господинот Заев.

ЗОРАН ЗАЕВ:

Почитувана колешке, јас со мојата дискусија не го негирав вашето право за предлагање на закони, само сакам да спомнам дека имав прилика да го видам законот предложен на 5-ти јули 2002 година од одредено Министерството, од тогашната Владата на Република Македонија и знам дека Законот по барање на еден од тогашните министри во Владата на Република Македонија не беше поддржан и само сугерирам зошто тогаш законот не поминал, а сега како опозиција сакате да го поминете токму идентичниот предлог на закон кој тогаш беше предложен.

АГРОН БУЏАКУ:

Има збор господинот Марјан Ѓорчев, како претставник на предлагачот.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Имам реплика.

Едноставно, не може ова да биде политика во македонскиот Парламент оти ова е највисок законодавен дом, а случајно јас сум бил министер во таа

претходна Влада и повторно сум зборувал со ист тон и со исти реченици и со иста тема дека треба нов закон за стокови државни резерви во Република Македонија особено во оваа година кога процентот на сиромаштијата и процентот на турбуленциите во македонските економски субјекти е толку голем што наметнува потреба од инволвирање на државата при разрешување на вакви проблеми кои се јавуваат заради опкружувањето на Република Македонија.

Уште еднаш ќе повторам, не е се политика, има закони кои Република Македонија мора да ги донесе независно кој ги предлага, а ако е по волја на позицијата откако Владата ќе го предложи, па да гласа за овој закон, нека гласа, но барем нека ги инкорпорира овие одредби кои не се спротивни со директивите на Европската унија, одредбите од овој закон кои ние ги предлагаме.

Благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Реплика на реплика од господинот Заев.

ЗОРАН ЗАЕВ:

Почитуван господине Ѓорчев, само да одговорам на вашите забелашки. Јас не реков дека нема потреба од закон, туку реков дека законот е во процедура од Владата и постојано се случуваат исти работи штом влезе некој предлог во владина процедура или Владата го даде во парламентарна процедура, веднаш опозицијата излегува со свој предлог, што не е ништо спорно, спорно е тоа што овде во конкретниот случај излегувате со целосно идентичен закон кој бил предлаган на 5 јули 2002 година токму во времето кога вие бевте на власт.

Благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Господине Трајановски, барате збор, или реплика?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Реплика.

Јас би сакал да му укажам на колегата пратеник од позицијата дека се надевам дека оваа позиција за овој мандат ќе ги донесе сите закони кои треба да се донесат во Република Македонија и потоа ќе го распуштиме Парламентот, бидејќи нема веќе што да работиме, по негово мислење сите што биле од претходниот мандат веќе не треба да предлагаат закони, оти се ќе се регулира во нивниот

мандат. Ова е илузорен начин на размислување и по нас и незнам по колку мандати пак ќе се донесуваат закони, ќе се менуваат позиција - опозиција, така што воопшто не држи тоа дека ние сме требале да го донесеме кога сме биле во наше време. Кога сме биле, сме донесувале доволно закони, меѓутоа, останале уште кои треба да се донесат.

Инаку, она што се вели дали е истиот закон, па ние сме истите луѓе, со истите размислувања. Тоа што сегашната Влада не донесува закони со такво темпо со кое ние сметаме дека треба да донесува, тоа е нејзин проблем.

Исто така, би сакал да го потсетам дека ние не крадеме закони, туку напротив, Владата на Република Македонија доцни со донесување на закони, затоа сме ние пред неа со тие закони. Ние сме биле во Владата и знаеме што значи тоа.

Уште нешто, сметам дека пратеникот уште жали за едноумието, тој смета дека ВМРО-ДПМНЕ не треба да биде опозиција и ниту една друга партија, т.е. ние не треба да предлагаме закони, само треба да чекаме од Владата на Република Македонија, па кога Владата ќе донесе односно кога ќе ги предложи, тогаш тие закони да бидат на дневен ред.

Уште нешто, ако Владата на Република Македонија сака правилно да работи и ако сакаме да направиме еден нов начин на работење во Република Македонија, Владата на Република Македонија, уште кога е во владина процедура би требало да ги доставува законите до опозицијата за да може опозицијата на време да се подготви како би можело законот да биде што поквалитетно донесен.

Инаку, вака излегува дека ние ги крадеме законите од Владата на Република Македонија.

Благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Реплика на реплика од господинот Заев.

ЗОРАН ЗАЕВ:

Само кратко господине потпретседателе,

Да кажам дека премногу сум млад за да знам нешто од едноумието и да ме оквалификуваат како припадник и мислител и поддржувач на едноумието.

Благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Господине Стаменков, реплика или дискусија?

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Реплика.

Би сакал накратко да му реплицирам на колегата пратеник кој смета дека ние како пратеници не треба да покренуваме иницијатива да предлагаме закони и измена на закони, меѓутоа, тоа право единствено и припаѓа на Владата на Република Македонија, а ние како пратеници треба да бидеме послушници на Владата на Република Македонија и се она што ќе го предложат овде во Парламентот, без многу дискусии да го прифаќаме и да го гласаме.

Ние бевме сведоци дека во оваа година која речиси измина, овој парламентарен состав навистина така правеше посебно оние кои ја гласаа Владата, донесоа многу закони чиј ефект го гледаме во текот на годината кој е, односно донесе целосен колапс на економијата во Република Македонија, почнувајќи од Законот за данокот на додадена вредност, Бранковиот закон за кој јас си признавам дека е грешка и зошто сега овој закон кој е од делот на економијата и треба да придонесе подобро да се регулира материјата која претставува стокови резерви да биде нападнат на нож и да се каже дека е ова кражба, се краде, се лаже, превара и т.н., кога решението кое се нуди сигурно ќе биде најдоброто нешто што ќе се донесе во оваа година во овој Парламент.

Благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Процедурано господинот Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Би ги замолил сите мои почитувани колеги да се држиме кон точката на дневен ред и сметам дека истата е премногу сериозна и треба да се држиме токму за законот. Да не се враќаме во било кои води, кој закон кога бил предложен, донесен, недонесен и мислам дека спрема колегата Заев со поголем респект особено што стануваше збор за една квалитетна дискусија каде ги искажа повредите спрема таквиот закон.

Ова како една процедурална забелешка.

Благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Јас мислам дека делумно сте во право, но не сосема, затоа што сите реплики беа врзани со дел од дискусијата на господинот Заев, така што јас не интервенирав во таа смисла.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Добро, денеска немаме некој добар ден, не ни е погоден, малку потпретседателот не се снајде, првиот деби на новиот колега пратеник, а денеска има син, еве да му честитаме, се е во ред.

Мислам дека основното право на пратеникот е да предлага закон. Тука се прави една голема грешка од добар дел пратеници кои си земаат за право да советуваат како други пратеници треба да работат. Мислам дека е ова лоша пракса и не му дава право на ниту еден пратеник да конвертира за друг пратеник. Тоа е спротивно од работата по Деловникот, а и како уставна категорија. Да не не чуди, обично не веруваме какви се анкетите, еве сега верувам дека падна нивото, депласиран е Парламентот, затоа што 85% од граѓаните не веруваат во Парламентот и велат дека Парламентот лошо работи. Дајте да ги надминеме овие антагонизми помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ и она што е добро, она што е паметно, она што е конструктивно треба да биде во интерес и за доброто на сите граѓани. Дали некој предложил еден законски проект од една политичка партија или друга, дајте да видиме што е најдобро, дајте да биде борба на мислење, немојте, антагонизмите доведоа до таа мера да не се гледаме, да војуваме. Мислам дека ниту еден пратеник нема право да зборува од сопствено име и да коментира дали група пратеници или пратеник треба да предложи закон. Нашето основно право на работење на Парламентот и пратеник е да предлага закони. Затоа сме во Парламентот. Ние предлагаме, а тоа дали Владата на Република Македонија предлага или не, тоа е нејзина работа.

Благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Госпоѓа Каролина Ристова.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Се извинувам што се јавувам вака, не сакам да ја одолговлекувам дискусијата, но мислам дека е многу битно прашањето, а дискусијата на пратеникот Заев не беше во смисла на оспорување на правото на пратениците да предлагаат, туку во однос на содржината во смисла ако содржински се предлага закон кој не поминал на претходната влада, сосема логично и легитино прашање за да бидеме ние убедени дали да гласаме за законот или не, дали нешто во однос на таа содржина сега се променило во смисла на тоа можеби тогаш не биле исполнети условите тој закон да помине, па затоа не добил позитивно мислење од Владата на Република Македонија, или проблемто е во тоа што како сомневање го искажа колегата Заев дека не се сменило ништо, можеби законот навистина има фалинки како прво прашање, а дека всушност се работи за предлагање закон само за маркетиншки цели, со што всушност би се кочела ефикасноста на Собранието.

Во таа смисла во сите дискусии од опозицијата ние не добивме одговор зошто содржински се предлага закон кон Владата на Република Македонија која тие ја поддржувале не поминал, дали нешто се сменило, зошто токму сега се предлага истата содржина. Убедете не во тоа, никој не го оспорува правото за предлагање на закон.

Благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за стоковни резерви.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 76 пратеници, од кои 21 за, 54 против и 1 воздржан.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Јас мислам дека се договоривме да работиме до 16,оо часот, но имам една молба од господинот заменик министер за финансии, па во овој случај јас се обраќам до пратениците заради кои се согласивме да работиме до 16,оо часот со исламска вероисповест, се работи за три закони, јас не можам да прејудицирам дека нема да има големи дискусии, законите се многу важни, заради патувањето на

министерот, се работи за финансиски договори, закон за гаранции и т.н., па јас би ве замолил уште 10-тина минути да продолжиме.

Дали се согласувате да продолжиме по првиот закон, па ако има многу дискутанти ќе предложам да прекинеме и да одиме по договорот.

(Реакција од страна на пратениците)

На мониторот гледам дека има многу пријавени дискутанти од страна на опозицијата по точката 6, така што како што беше првобитниот договор тука ја привршуваме седницата за денеска.

Четириесеттата седница продолжува во петок во 10,оо часот, а утре ја имаме 41-та седница со пратенички прашања.

(Седницата прекина со работа во 16,оо часот)